# АНАЛИЗА НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

## Предизвици, практични проблеми, решенија

*„Степенот на цивилизација на едно општество се проценува преку набљудување на неговите затвори“*

*- Фјодор Достоевски*

Скопје, јуни 2023

**Автори:**
Александар Милошески, судија на Апелационен суд Гостивар
Пајазит Пајазити, судија на Основен кривичен суд Скопје
м-р Даниела Димовска, судијка на Основен кривичен суд Скопје
д-р Елена Мујоска Трпевска, научен соработник во Центарот за стратегиски истражувања при МАНУ

**Тираж:** 150 примероци

**Печати:** Полиестердеј, Скопје

**ISBN 978-92-9271-188-7**

**Здружение на судиите на Република Северна Македонија**

ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Поддржано од:**

ОБСЕ
Организација за безбедност и
соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина

**Извршно резиме** . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
**Употребени кратенки** . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
**Вовед** . . . . . . . . . . . . . . . . . 9
*Основни карактеристики на системот на санкции* . . . . . . . . . . 10
*Организациона поставеност на УИС* . . . . . . . . . . 12
*Казнено-поправни установи* . . . . . . . . . . 13
*Моментална состојба* . . . . . . . . . . 16
*Зошто се потребни измени на ЗИС?* . . . . . . . . . . 18

**ГЛАВА I**
***Општи одредби*** . . . . . . . . . . 19
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 19
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . 20
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . 25

**ГЛАВА II**
***Извршување на санкциите изречени за кривични дела.*** . . . . . . . . . . 25
***Основни начела*** . . . . . . . . . . 25
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 25
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . 26
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . 27

**ГЛАВА III**
***Надлежни органи за извршување на санкциите.*** . . . . . . . . . . 27
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 27
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . 28
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . 30

**ГЛАВА IV**
***Установи за извршување на казната затвор*** . . . . . . . . . . 30
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 30
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . 30
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . 31

**ГЛАВА V**
***Работни односи*** . . . . . . . . . . 31
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 31
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . 32

**ГЛАВА VI**
***Финансирање на установите*** . . . . . . . . . . 32
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 32
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . 33

**ГЛАВА VII**
***Организација и работа на стопанско-инструкторски одделенија*** . . . . . . . . . . 33
*Општи напомени* . . . . . . . . . . 33
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска пракитка* . . . . . . . . . . 33

**ГЛАВА VIII**
***Надзор врз работата на установите*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **34**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 34
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35

**ГЛАВА IX**
***Постапување при извршување на казната затвор*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **36**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 36
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 50

**ГЛАВА X**
***Положба на осудените лица*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **51**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 51

**ГЛАВА XI**
***Права на осудените лица и деца*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **51**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 52
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52

**ГЛАВА XII**
***Погодности на осудените лица*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **52**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 52
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 53

**ГЛАВА XIII**
***Прогресирање, регресирање, преместување и прекин на казна на осудени лица*** . . . . . . **53**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 53
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57

**ГЛАВА XIV**
***Однос на службените лица спрема осудените лица*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **57**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 58

**ГЛАВА XV**
***Одржување на редот и дисциплината*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **58**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 58

**ГЛАВА XVI**
***Смрт на осудено лице и присуство на погреб*** . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . **58**
*Општи напомени* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 58
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* . . . . . . . . . . . . 59
*ПРЕПОРАКИ* . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 59

**ГЛАВА XVII**
***Отпуштање на осудените лица од издржување на казна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .59***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 59*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 60*
*ПРЕПОРАКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 60*

**ГЛАВА XVIII**
***Помош на осудените лица по отпуштање од установата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . .61*

**ГЛАВА XIX**
***Подготвување на заклучен извештај . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .61*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . .61*
*ПРЕПОРАКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62*

**ГЛАВА XX**
***Извршување на парична казна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .62***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 62*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 62*
*ПРЕПОРАКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 64*

**ГЛАВА XXI**
***Извршување на споредни казни . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .64***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 64*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 64*
*ПРЕПОРАКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 67*
***Извршување на мерките на безбедност. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .68***

**ГЛАВА XXII**
***Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. . . . . . . .68***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 68*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 68*
*ПРЕПОРАКИ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69*

**ГЛАВА XXIII**
***Задолжително психијатриско лекување на слобода. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 69*

**ГЛАВА XXIV**
***Задолжително лекување од болести на зависност***
***(алкохол, дрога или наркотични супстанции) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .69***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 69*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 70*

**ГЛАВА XXV**
***Извршување на кривични санкции спрема деца . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .70***
*Општи напомени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 70*
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика . . . . . . . . . . . . 70*

**ГЛАВА XXVI**
***Извршување на воспитни мерки*** ........ **70**
*Општи напомени* ........ 70
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 71

**ГЛАВА XXVII**
***Извршување на воспитната мерка упатување во центар за деца*** ........ **71**
*Општи напомени* ........ 71
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 71

**ГЛАВА XXVIII**
***Извршување на мерките на засилен надзор*** ........ **71**
*Општи напомени* ........ 71
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 72

**ГЛАВА XXIX**
***Извршување на заводските мерки*** ........ **72**
*Општи напомени* ........ 72
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 72
*ПРЕПОРАКИ* ........ 73

**ГЛАВА XXX**
***Извршување на алтернативни мерки спрема деца*** ........ **74**
*Општи напомени* ........ 74
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 74

**ГЛАВА XXXI**
***Извршување казни спрема правни лица*** ........ **74**
*Општи напомени* ........ 74
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 74
*ПРЕПОРАКИ* ........ 75

**ГЛАВА XXXII**
***Извршување на прекршочни санкции спрема сторители на прекршоци*** ........ **76**
*Општи напомени* ........ 76
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 76
*ПРЕПОРАКИ* ........ 76

**ГЛАВА XXXIII**
***Извршување на прекршочни санкции спрема деца*** ........ **77**
*Општи напомени* ........ 77
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 77

**ГЛАВА XXXIV**
***Извршување на прекршочни санкции спрема правни лица*** ........ **77**
*Општи напомени* ........ 77
*Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика* ........ 77

**Од практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)** ........ **77**
**АНЕКС I: Листа на подзаконски акти донесени согласно ЗИС** ........ **81**
**АНЕКС II: ОБРАЗЦИ** ........ **83**

# Извршно резиме

Владеењето на правото и правната држава се засновуваат на конзистентна материјално-правна и процесна основа, базирани на општоприфатени стандарди за остварување на целите на една правна постапка, преку утврдувањето на вината, изрекувањето и извршувањето на казненоправната санкција, од една, и заштитата на човековите слободи и права на субјектите предмет на оваа постапка, од друга страна.

И покрај постојаната кодификација на нормативните претпоставки во извршното казнено право, извршувањето на кривично-правните санкции претставува постојан предизвик во практичната примена, како од аспект на нивната оперативност, односно, практичност, така и од аспект на поставеноста на пенитенцијарниот систем, пенитенцијарните програми и особено обезбедените правни гаранции во постапката за нивното извршување, притоа *ex lege* ставајќи го судијата за извршување на санкциите во центарот на постапката.

И Република Северна Македонија не е имуна на овие предизвици, притоа теоретските видувања се само еден сегмент во целиот мозаик, кој покрај нормативните аспекти во кои се содржани мноштво процесни гаранции за основните слободи и права, кои неретко се нејасни, а понекогаш и контрадикторни, го сочинуваат низа практични проблеми кои најчесто паѓаат на товар на судиите при практичната примена на законот.

Судиите и другите процесни чинители опфатени во Законот за извршување на санкциите најчесто ги нотираат овие предизвици, притоа нивните укажувања претставуваат основа за нормативни, односно, процедурални и институционални корекции на целиот систем, за да можеме да добиеме ефикасна извршна постапка и ефикасен пенитенцијарен систем.

Со право можеме да констираме дека предизвикот на судиите од Одделот за извршување на санкции при Основниот кривичен суд Скопје да се зафатат со еден ваков практичен и научен предизвик, препознаен од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, претставува вистински акт на судски активизам и залагање за подобрување на правните и практичните аспекти во правораздавањето, акт кој со задоволство го подржа и Здружението на судиите на Република Северна Македонија.

Прашањата кои се разработуваат се сеопфатни и комплементарни на домашната и меѓународната правна регулатива, како и комлементарни на домашната и компаративната судска практика, притоа утврдените заклучоци претставуваат насока за идно нормативно и практично усогласување, истовремено повикувајќи ги надлежните органи да учат од добрите практики и изразени ставови од носители на судската практика кои се соочуваат со бројни предизвици како последица на нормативните недоречености, недостаток на ресурси и други претпоставки.

Сметам дека овој труд ќе биде реално помагало за судиите од областа, професионалниот пенитенцијарен кадар и научната јавност, и истиот ќе придонесе за научната и правната мисла во државата, а и пошироко. Групата автори, мериторни за овој труд, претставуваат модел на партиципативност и инклузивност во нивниот базичен професионален ангажман, покажувајќи реално учество и општествена одговорност.

На самиот крај, во името на судиите изразувам благодарност до Мисијата на ОБСЕ во Скопје за постојаната поддршка на нашиот правосуден систем, со надеж за натамошна соработка.

д-р Џемали Саити, судија на Врховниот суд на РСМ
Претседател на Здружението на судиите

# Употребени кратенки

| | |
|---|---|
| ВПД | Воспитно-поправен дом |
| ЗИС | Закон за извршување на санкциите |
| ЈО | Јавно обвинителство |
| КЗ | Кривичен законик на РСМ |
| КПД | Казнено-поправен дом |
| КПУ | Казнено-поправна установа |
| МП | Министерство за правда |
| НП НПМ | Народен правобранител: Национален превентивен механизам |
| НП | Народен правобранител на РСМ |
| ОЈО | Основно јавно обвинителство |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| УИС | Управа за извршување на санкциите |
| КПТ | Европскиот комитетот за борба против тортура, нехуман или деградирачки третман или казнување |
| МВР | Министерство за внатрешни работи на РСМ |
| СВР СК | Сектор за внатрешни работи Скопје |
| ЗКП | Закон за кривична постапка |
| ВСРСМ | Врховен суд на РСМ |
| НБРСМ | Народна банка на РСМ |
| ЦР | Централен регистар на РСМ |

# Вовед

Законот за извршување на санкциите (ЗИС) беше донесен на 21 мај 2019 година.[1] Донесувањето на нов закон се наметна од потребата на целосна измена на законската регулатива во системот на извршување на санкции што ќе биде во согласност со насоките на националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019)[2] и Законот за пробација од 2015[3]. ЗИС е комплементарен закон што е усогласен со меѓународните стандарди и најдобрите практики од областа на извршувањето на санкциите, со посебен акцент на Стандардните минимални правила за постапување со затворениците на ООН, ревидирани и наречени *Mandela Rules*[4] и Европските затворски правила на Советот на Европа[5].

Со неговото стапување на сила се зајакна легислативната рамка и беа понудени реални решенија за подобрување на состојбата во затворите. Како цел на законот од 2019 година беше наведено регулирањето на целокупниот систем во извршувањето на санкциите и воспоставување на силен и транспарентен механизам за внатрешен и надворешен мониторинг на затворскиот систем преку воспоставена јасна хиерархиска и одговорна поставеност помеѓу Управата за извршување на санкции (УИС), казнено-поправните установи (КПУ) и воспитно-поправниот дом (ВПД). Како посебна цел, пак, беше издвоена потребата од обезбедување на квалитетна здравствена заштита во КПУ и ВПД, преку воспоставување на одржлив систем на здравствено осигурување на лицата лишени од слобода. Воедно, со новиот ЗИС целосно се редефинираат и одредбите кои се однесуваат на затворската полиција, со што се поедностави постапката за вработување, унапредување, мобилност и оценување на нејзините припадници.

Со законот се воведува и стручен надзор што предизвикуваше проблеми при примената на Законот за извршување на санкциите од 2006 година. Со новиот закон, јасно беа дефинирани надлежностите на вработените во УИС, видовите на надзор и се зајакна надзорната и контролна функција на УИС спрема директорите на казнено-поправните установи.

---

[1] Закон за извршување на санкциите, Службен весник бр.99/2019. Стапи на сила на 29 мај 2019.

[2] Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2015-2019) беше усвоена од Владата на РСМ со основна цел е да се понудат реални решенија за подобрување на состојбата во затворите.

[3] Закон за пробација, Службен весник бр.226/2015 од 25.12.2015 а се применува од 1.11.2016.

[4] Стандардни минимални правила за постапување со затвореници, усвоени на Првиот конгрес на Обединетите Нации за спречување на криминалот и третман на прекршителите, одржан во Женева во 1955 и одобрени од Економско - социјалниот совет со неговите резолуции 663 C (XXIV) од 31 јули1957 и 2076 (LXII) од 13 мај 1977. Ревидирани „Mandela Rules", линк: https://www.unodc.org/Nelson_Mandela_Rules.

[5] Совет на Европа, Комитет на министри, Препорака Rec (2006)2 од Комитетот на Министри до земјите-членки на Европските затворски правила (Усвоена од Комитетот на Министри на 11 јануари 2006 година на 952 состанок на замениците министри). Линк: https://rm.coe.int/european-prison-rules/

Пенитенцијарното право поминува низ две реформски фази

**I**

- Првата фаза започнува со донесување на Законот за извршување на санкциите (2006)
- Се поставува пенитенцијарно-правната рамка за примена на системот на санкции од 2004

**II**

- Донесен нов Закон за извршување на санкциите (2019)
- Започнува втората фаза од реформата на пеналниот систем.

По донесувањето, Законот беше оценет како модерен закон во согласност со најновите европски трендови на пенитенцијарното право, што гарантира непристрасност, рамноправност и еднаквост при примената на предвидените одредби. Строго се забранува дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа на лицето спрема кое се извршува санкцијата. Воедно, со законот се пропишува строго почитување на верските чувства, личното уверување и моралните норми на лицата спрема кои се извршуваат санкциите.

Непосредно по започнувањето на примената на новиот ЗИС, се наметна потребата од негово прво дополнување со менување на одредбите во поглед на основање посебни одделенија за осудени лица странски државјани и за лица без државјанство; се регулира вршењето на видео надзор; се дополнија одредбите кои се однесуваат на припадниците на затворска полиција; се изменија одредбите за дисциплинска казна; се измени одредбата за одлучување за условен отпуст итн. Овие измени стапија на сила по изминати 5 месеци од донесувањето на новиот ЗИС. [6]

## Основни карактеристики на системот на санкции

Системот на санкции предвиден во Кривичниот законик на РСМ (КЗ)[7] содржи: казни, алтернативни мерки, мерки на безбедност и воспитни мерки, што претставува добро интегриран плуралистички систем на санкции, концентрирани врз казната како основна санкција. Казната, како и нејзините алтернативи, се единствените санкции за

[6] Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите, Службен весник на РСМ бр.220/2019.

[7] Кривичен законик, Службен весник бр. 37/1996; 80/1999; 48/2001; 4/2002; 16/2002; 43/2003; 19/2004; 40/2004; 81/2005; 50/2006; 60/2006; 73/2006; 87/2007; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 143/2012; 166/2012; 55/2013; 82/2013; 14/2014; 27/2014; 28/2014; 41/2014; 41/2014; 115/2014; 132/2014; 160/2014; 199/2014; 196/2015; 226/2015; 97/2017; 170/2017 и 248/2018.

полнолетни, пресметливи и виновни сторители, со исклучок на мерките на безбедност што може да се изречат на непресметливи, лица со намалена пресметливост како и на зависници од дрога и алкохол.

Со измените на КЗ по 2004 година е воспоставен нов систем на санкции чија главна карактеристика е флексибилноста:




КЗ разликува временски ограничена и казна доживотен затвор. При преглед на одредбите од посебниот дел од КЗ (каде се пропишуваат поедините кривични дела и казните за секое од нив) казната затвор доминира во однос на сите други видови казни.[8]

Во РСМ затворот е така уреден (член 35 од КЗ) да тој не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 20 години. Во законодавството е воведена казната доживотен затвор за најтешките форми на сериозни кривични дела, а за делата за кои таа е пропишана може да се изрече и казна 40 години затвор. Практично речено, казната затвор се движи во рамката 30 дена до доживотен затвор (со замена 40 години). Предвидено е и задолжително пропишување на парична казна покрај казната затвор, кога казната затвор е пропишана без назначување на најмалата мера, а најголемата мера не е поголема од три години (член 35 став 6). Исто така, вреди да се спомене дека законодавството го предвидува затворот само за кривичните дела, а не и за прекршоците (како понизок степен на противправни дела), како што се Србија[9], Австрија[10], Хрватска[11] и други. Кога е

---

[8] Прочитај повеќе во: *Елена Мујоска Трпевска, Константин Битраков, Придобивки од примената на алтернативите на затворското казнување*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, Здружение за кривично право и криминологија, Бр. 1-2 2020.

[9] Закон о прекршајима, Службени гласник Републике Србије бр. 65/2013.

[10] Verwaltungsstrafgesetz, Bundesgesetzblattgesetz nr. 52/1992 ... 58/2018.

[11] Prekršajni zakon, Narodne novine Republike Hrvatske 107/07, 39/13, 157/13, 110/15, 70/17, 118/18.

изречена, казната затвор се издржува во установи за издржување на казна определени со закон (член 35 став 7).

Вака поставените одредби уште со измените и дополнувањата на КЗ од 2006 година, заедно со спуштањето на посебниот максимум на затворот кај повеќе казнени дела во посебниот дел и значително почестото пропишување на паричната казна, треба да отворат простор за поголема примена на алтернативните санкции и порестриктивна примена на казната затвор.




- Условна осуда
- Условно прекинување на кривичната постапка
- Општокорисна работа
- Судска опомена
- Куќен затвор

- Парична казна
- Викенд-затвор
- Електронско набљудување
- Компензација и/или репарација на штетните последици на делото
- Медијација
- Статусни казни

## Организациона поставеност на УИС

Извршувањето на санкциите е во надлежност на УИС што е орган во состав на Министерството за правда со својство на правно лице и со неа раководи директор. Директорот го именува и разрешува Владата по предлог на министерот за правда.

УИС ја следи работата на установите за извршување на санкциите и мерката упатување во воспитно-поправен дом, ја следи и проучува примената на прописите за извршување на санкциите и мерката притвор, непосредно презема мерки или предлага мерки за подобрување на условите во кои се извршуваат санкциите и мерката притвор, дава стручна помош за извршување на санкциите, собира и обработува статистички податоци и врши други работи предвидени со закон или други прописи.

Со општите акти за организација и систематизација на работите и задачите се определуваат организационите единици за извршување на функциите кои се прикажани во органограмот на УИС.

*Илустрација бр. 1 – Органограм на УИС*[12]




## Казнено-поправни установи

Во државата постојат два вида на пенитенцијарни установи: казнено-поправни установи и воспитно-поправни установи.

Во РСМ има 11 казнено-поправни установи и еден воспитно-поправен дом во Волковија, Тетово, што започна со употреба од јуни 2020 година. Изградбата на новиот дом е значајна бидејќи станува збор за нова воспитно-поправна установа со чија изградба трајно е решен долгогодишниот проблем за сместување на малолетниците на кои им е изречена воспитно-поправна мерка. Во новиот ВПД се создадени сите услови за задоволување на меѓународните стандарди за функционирање, работење и

[12] Извор: www.uis.gov.mk.

спроведување на воспитно поправниот процес со целосно почитување на правата на децата.[13]

Во ЗИС е определено дека постои и воспитно-поправен дом за женски деца во Казнено-поправен дом Идризово, но во реалноста тоа е една издвоена соба во која се сместуваат малолетни женски лица осудени на затворска казна. Осудените деца задолжително ја издржуваат казната затвор за деца во посебна установа за деца односно во малолетнички затвор Охрид.

Казнено-поправните и воспитно-поправните установи во РСМ[14] се поделени на: Казнено поправен дом Идризово со отворено одделение во Велес, казнено поправен дом Штип, казнено поправен дом Прилеп, казнено поправен дом од отворен вид Струга, Затвор Битола, Затвор Гевгелија, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка, Затвор Охрид, Затвор Струмица, Затвор Скопје и Затвор Тетово.

*Илустрација бр. 2 – Казнено-поправни установи во РСМ*[15]




---

[13] Воспитно-поправниот дом е со капацитет од 110 лица. Покрај сместувачките објекти изграден е Административен блок со нето површина од 1.603 м2, во чии рамки е приемното одделение, одделение за посети, амбуланта за општа медицина и стоматологија, кујна, трпезарија, перална, едукативно одделение, повеќе наменска спортска сала и административен дел за вработените во установата. За работно ангажирање на штитениците изграден е објект со две работилници и гаражи. Воспитно-поправниот дом е затворен комплекс со површина од околу 16.000 $м^2$, ограден со безедносна жичана ограда, шеталишта, со спортско игралиште за кошарка, мал фудбал и ракомет. Поопширно види на https://msp.mk/.

[14] Согласно Решението за распоредување на осудените лица и децата во казнено-попрвните и воспитно-поправните установи, како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи донесен од од страна на Министерот за правда и објавено во Сл.весник на РСМ бр.10/20 од 16.01.2020 година.

[15] Мапата на РСМ е преземена од следниот линк.

Мерките на безбедност „задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“ и мерката „задолжително лекување на алкохоличари и наркомани“ се извршуваат во ЈЗУ „Психијатриска болница - Скопје“, ЈЗУ „Психијатриска болница - Демир Хисар“ ЈЗУ „Психијатриска болница - Негорци“.

Затворите, според степенот на обезбедувањето, степенот на ограничувањето на слободата на движење и видовите на третман што се применуваат спрема осудените лица, можат да бидат установи од затворен (имаат физичко и материјално обезбедување), полуотворен (имаат затворска полиција која ја обезбедува дисциплината и го контролира движењето на осудените лица) и отворен вид (немаат физичко и материјално обезбедување). Во одделни установи се основаат посебни одделенија за извршување на мерката притвор.




**извор: УИС*[16]

Истражувањата[17] покажуваат дека секој еден осуденик ја чини државата околу 1000 денари дневно.

Се зголемува и бројот на осуденици кои и покрај казнувањето од страна на државата за сторените кривични дела, сепак продолжуваат со чинење на кривични дела и по излегувањето од затворите, за што причините се многубројни. Сепак, се поставува прашањето зошто нивната ресоцијализација во текот на престојот во затворите е толку неуспешна и зошто повторно се враќаат на криминалот, дали и на кој начин нивната реинтеграција може да се подобри. Честиот пораст на криминалот и рецидивизмот доведуваат до оптоварување на затворските установи, и покажува дека казната затвор, и покрај тоа што е исклучително скапа за целото општество, не ги дава очекуваните ефекти и има бројни штетни последици, како што се криминална инфекција, затворска депривација, стигматизација на осуденикот и слично.[18]

---

16 Податокот е од УИС заклучно со ден 21.11.2022 година.

17 Gifford, Ben. Prison Crime and the Economics of Incarceration. Stanford Law Review, vol. 71, 2019, стр. 71-135; *Елена Мујоска Трпевска, Константин Битраков.* Економски бенефити од примена на алтернативите на затворското казнување, *Економски медитации, Зборник во чест на академик Таки Фити, МАНУ 2020.*

18 Груевска Дракулевски, Александра. *Затвор и рецидивизам*. Скопје, 2016.

*Илустрација бр. 3 – Затворската популација во РСМ во периодот 2000-202019*




## Моментална состојба

Солидната законска поставеност не придонесе за надминување на системските проблеми со кои се соочува затвореничкото општество. Обезбедувањето заштита на лицата лишени од слобода од секаков вид тортура, нечовечко постапување и казнување, продолжува да претставува сериозен предизвик за УИС. Државата се соочува со сериозни критики поради неможноста да ги идентификува клучните предизвици за воспоставување на ефикасен механизам за заштита на човековите права на лицата лишени од слобода.

Таквите тврдења се нотирани во последниот извештај на Европскиот комитетот за борба против тортура, нехуман или деградирачки третман или казнување (КПТ) од 2020 година[20], каде што, меѓу другото, стои дека затворскиот систем се соочува со долгогодишни системски проблеми и недостатоци. На тоа се надоврзуваат наодите од најновиот извештај за напредокот на РСМ за 2022 година[21], во кои се вели дека државата сè уште треба да ги спроведе препораките од КПТ објавени во јули 2021 година, во кои се акцентира потребата од спречување на тортурата и малтретирањето. Во извештајот понатаму стои дека остануваат главните недостатоци на затворскиот систем, а пред сè лошиот систем на управување со затворите и лошото работење на персоналот, нискиот број вработени, слабиот квалитет на здравствена заштита што им се обезбедува на затворениците, насилството меѓу осудените лица, лошите материјални услови, недостигот на наменски активности и ендемичната корупција.

Законските измени не го решија ни долгорочниот проблем со пристапот до здравствената заштита. Имено, со законот е пропишано дека здравствена заштита укажуваат здравствени работници што вршат примарна здравствена заштита на подрачјето каде што се наоѓа седиштето на установата; дека осудените лица имаат право на

[19] Извор: North Macedonia | World Prison Brief.

[20] Европскиот Комитет за превенција од тортура и нехуман или понижувачки третман или казнување (КПТ) го објави извештајот за петтата периодична посета во државата спроведена во периодот од 2 до 12 декември 2019 година заедно со одговорот на државата. Линк: https://myla.org.mk.

[21] Работна верзија на македонски јазик на годишниот Извештај на Европската комисија за Северна Македонија за 2022. Линк:https://www.sep.gov.mk.

секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита како и тоа дека трошоците за здравствената заштита на осудените лица во установите паѓаат на товар на буџетот на државата. За жал, практиката покажа дека правото на здравствена заштита не се почитува доследно.

Како трајни проблеми без соодветно решение се провлекуваат и образовниот процес за штитеници во воспитно-поправните домови, процесот на ресоцијализација на осудените лица, лошите услови, необучените раководни и стручни кадри во казненопоправните установи и неефикасните внатрешни и надворешни механизми за пријавување и гонење случаи на тортура и нечовечко постапување спрема осудените лица.[22]

Клучен сегмент, но и цел на секоја затворска казна е превоспитување, односно реинтегрирање на осудените лица во општеството. И покрај тоа што постојано се преземаат активности за подобрување на условите во затворите, не се вложуваат доволно напори за остварување на ресоцијализација на осудените лица. Затворите и понатаму се гледаат како установи во кои се „чуваат" осудениците, без нивно соодветно превоспитување.

Посебен орган за заштита на правата на осудените лица е Народниот правобранител. Тој преку својот Национален превентивен механизам (НПМ) редовно го испитува постапувањето со затворениците во КПУ заради зајакнување на заштитата од тортура и од друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување. Покрај погоре наведените, Народниот правобранител укажува и на проблемот со пренатрупаност во установите. Имено, во најновиот Извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права[23] нотира дека во сите единаесет казнено-поправни установи, имајќи ги предвид минимум поставениот стандард од Европскиот комитет за спречување на тортура и стандардот поставен со домашната правна регулатива, реалниот сместувачки капацитет за осудени лица е помал во однос на бројот на затекнати лица кои издржувале затворска казна. [24]

Оваа состојба нужно предизвикува и други проблеми[25], како што се пријавените поплаки од осудени и притворени лица кои се пожалиле на конфликтни ситуации меѓу осудените/притворените лица, што, пак, влијае на нивната безбедност.[26]

---

[22] Годишен извештај за човековите права во РСМ за 2021 година, Хелсиншки комитет за човекови права, 20 јуни 2022. Линк: https://mhc.org.mk/.

[23] Годишен извештај за степенот на обезбедување, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2021, Народен правобранител, март 2022 година. Линк: https://ombudsman.mk/.

[24] Од посетата спроведена во август 2021 година, нотиран е податок за сместувачки капацитет од 1947, а во текот на редовните посети на установите биле затекнати вкупно 2058 осудени лица.

[25] Безрезервното потпирање на казната затвор, покрај преполнетоста на затворските капацитети, повлече исклучителни барања како што е донесување на закони за амнестија. Во 2018 година, по донесување на Законот за амнестија (Службен весник бр.11/2018) значително се намали бројот на осудени лица во одделни КПУ, што особено беше видливо во установите со помал број осудени лица. Трендот на намалена исполнетост на затворските капацитети продолжи и во 2019 и 2020 година. Генерално, целокупната слика за затворскиот систем започна интензивно да се подобрува со смената на власта во 2017, и со промената на надлежните лица во УИС. Види повеќе во: Lažetić, Gordana, and Elena Mujoska Trpevska. The impact of Covid-19 on Prison Conditions and Penal Policy. Routledge 2022.

[26] Годишен извештај на НП за 2021, стр. 65.

Не изостанале ни претставките заради незадоволство од постапка пред судски орган, користење на погодности, прекин на казна и преместување во друга казненопоправна установа.[27]

Крајната цел на една кривично-права постапка е донесената осудителна пресуда за одреден кривичен настан, за кој осудениот е огласен за виновен и спрема кој е изречена кривично-правна санкција, санкцијата да биде извршена на начин и постапка пропишана, односно, регулирана со Закон. Извршувањето на санкцијата определена со правосилна пресуда преставува остварување на содржината наведена во изреката на самата пресуда, што е регулирано со посебен Закон, а тоа е Законот за извршување на санкциите.

## Зошто се потребни измени на ЗИС?

Честите измени на КЗ коишто го претвораат неговото иновирање во континуирана реформа, се следени и со реформи во другите подрачја на казненото право (процесно, извршно), како и во новиот систем на правда за деца и во прекршочното право.[28]

Тоа подразбира и менување на системот на извршување на санкциите што се карактеризира како комплексна материја која постојано се менува и еволуира, па оттука, потребно е негово континуирано надополнување во согласност со најновите практики на меѓународен план и доследно почитување на стандардите од областа на извршувањето на санкциите.

Во известувањето за започнат процес на донесување предлог закон за измени и дополнување на ЗИС[29], од УИС и МП наведуваат дека целта на повторното менување на законот е хармонизирање, односно, усогласување на ЗИС со другите закони, зајакнување на безбедноста во КПУ и ВПД и на механизмите за проверка на имотната состојба и интересите на вработените во затворскиот систем. За започнатиот процес на менување на ЗИС соопштение објави и Владата на РСМ[30] во кое, меѓу другото, се вели дека овој процес треба да придонесе за надминување на воочените проблеми (пр. законско уредување на упатувањето на осудените лица на издржување казна затвор) како и усогласување со меѓународните стандарди од областа на извршувањето на санкциите.

Како дополнителна причина се јавува усогласувањето со новата национална стратегија за развој на пенитенцијарниот систем (2021-2025) со која се предвидуваат значајни стратешки цели за подобрување на условите во затворите, како и на третманот на осудените лица.

---

[27] Годишен извештај на НП за 2021, стр. 66.

[28] Од законодавството што најнепосредно е поврзано со материјалното казнено право, посебно значење имаат измените на ЗКП, нов Закон за прекршоци и донесувањето на Законот за малолетничка правда во 2007 година. Прочитај повеќе во Владо Камбовски, **Елена Мујоска Трпевска. Државно-правни постулати на казнено-правната реформа, МАНУ Јануари 2021.**

[29] Известување за почеток на процесот за подготовка на предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите. Линк: https://ener.gov.mk/

[30] „Работна група ќе ги утврдува сите аномалии на Законот за извршување на санкциите", линк: https://vlada.mk/.

# ГЛАВА I Општи одредби

## Општи напомени

Законот за извршување на санкциите е систематизиран на три дела, поделени во 34 глави и посебна глава со преодни и заврши одредби и содржи вкупно 417 члена. Во првиот дел се содржани одредбите кои поблиску ги уредуваат прашањата поврзани со надлежните органи за извршување на санкциите, во кои спаѓаат УИС, казнено-поправните и воспитно-поправните установи и судиите за извршување на санкциите. Во вториот дел се поместени правилата за извршување на санкциите за изречени кривични дела. Третиот дел се однесува извршување на казните спрема правни лица.

Во првата глава се опфатени заедничките одредби на ЗИС што се однесуваат на сите санкции чие извршување се уредува со овој закон (членови 1-13). Генерално, во првата глава се уредува правната положба и статусот на осудените лица за време на издржување на затворската казна. Со изразот *казниви дела* се опфатени кривичните дела и прекршоците, за кои судовите во РСМ по спроведена кривична, односно, прекршочна постапка, можат да ги изречат следните санкции:

- За кривични дела - казни, алтернативни мерки спрема деца, мерки на безбедност и воспитни мерки, и
- За прекршоци - глоба, престанок на важење на возачка дозвола, забрана за управување со моторно возило, забрана за вршење професија, дејност или должност, протерување на странец од земјата, забрана за влез и присуство на спортски натпревари, општокорисна работа, забрана за користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на РСМ и воспитните мерки.

Во оваа глава, всушност, се опфатени принципите што се однесуваат на извршувањето на санкциите, односно, принципот на легалитет или законитост (во член 2), принципот на легитимитет (во член 3), принципот на праведност и заштита на етичките вредности (во член 4), принципот на индивидуализација (во член 5), принципот на хуманост (во член 6), поделба на одговорностите при извршување на различни санкции односно УИС, судови, приватен партнер согласно ЗИС и Законот за концесии и јавно приватно партнерство (член 7-9), законито спроведување на надзор врз извршување на санкциите насочен кон правилно постапување кон осудените лица со истовремено обезбедување казната да се извршува според ЗИС и меѓународните договори (во член 11), определување на трошоците за извршување на санкции што паѓаат на товар на Буџетот на РСМ (во член 11) и правото на постпенална помош (во член 12). Уредување на прашањето за употребата на јазиците е во согласност со Законот за употреба на јазиците[31] (во член 13) доследно почитувајќи го и правилото 55 од Стандардните минимални правила.

[31] Закон за употреба на јазиците, Сл.весник на РСМ бр. 7/2019 од 14.01.2019.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Членот 2 од Законот предвидува дека санкциите се извршуваат кога одлуката со која е изречена санкцијата ќе стане правосилна и кога не постојат законски пречки за нејзино извршување. Исклучок е упатувањето на издржување на казна затвор пред правосилност на одлуката, односно, за истото на барање на обвинетиот судот што ја носи првостепената одлука носи решение кое треба да е правосилно за да може по истото да се постапи, односно, да може да постапи судија за извршување на санкции. Сепак, кога станува збор за извршување на казната затвор, судската практика покажува различна примена на овој член, имено има различно толкување во однос на тоа дали е потребна и извршност покрај правосилност на пресудата за да може осудениот да се упати на издржување на казната затвор. На проблем при примена на оваа одредба укажува и Основен суд Свети Николе.[32] Кога станува збор за казна затвор не постои рок на доброволно исполнување, туку истата може да започне единствено откако судија за извршување на санкции ќе издаде упатен акт за истата.

Пресудата со која е определена казна затвор станува извршна, односно судија за извршување на санкции може да издаде упатен акт откако истата ќе стане правосилна и не постојат пречки определени со овој закон.
Во отсуство на доброволен рок за исполнување на одлуката, својството на извршност на одлуката настапува ipso jure, во моментот на нејзиното донесување.

Иако членот 4 предвидува непристрасно применување на правилата кои ги регулира овој закон и забрана за дискриминација врз основа на повеќе основи меѓу кои и државјанство, сепак оваа одредба доведува до дилеми, особено кога се работи за прекин на казна на осуденото лице - странски државјанин. Прекинот на издржување на казната затвор претставува привремено отпуштање на осуденото лице од установата заради лекување, кое може да биде болничко или домашно. За прекин на казната до 30 дена одлучува Директорот на УИС, додека за прекин подолг од 30 дена одлучува судијата за извршување на санкции. Кога станува збор за прекин на казна за осуденик странски државјанин, односно, кога истиот нема пријавено адреса на живеење/престојување во државата, никој од надлежните органи не се одважува да одлучи да го прекине издржувањето на казната затвор од причина што се заканува страв од бегство на осудениот, кој доколку пребега во неговата матична држава не би можел да биде екстрадиран заради доиздржување на казна затвор.

Дополнително, спрема странските државјани најчесто е определена и мерка протерување странец, што го доведува во прашање евентуалниот прекин на казната затвор. Имено, судот може на сторителот кој не е државјанин на РСМ да му изрече казна протерување од земјата кога ќе оцени дека природата на делото, побудите на сторителот и околностите под кои е сторено укажуваат на непожелност за натамошен престој на сторителот во земјата. Оваа казна може да трае од една до десет години или засекогаш и започнува од денот на протерувањето на сторителот (член 38-г од КЗ).

[32] Предлози и мислења од ОС Свети Николе во врска со примена на ЗИС, СУ-215/22-2 од 31.08.2022.

*Судска практика*

*Со решение на судија за извршување на санкциите IV КУИКП бр.15/21 од 07.12.2021 година уважено е барањето и дозволен е прекин на издржувањето на казната затвор определена со Пресуда КОК бр.107/19 од 01.04.2020 година потврдена со КОКЖ бр.48/20 од 03.09.2020 со која спрема Х.К, државјанин на Република Албанија изречена е казна затвор во траење од 7 години за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 3 вв став 1 од КЗ, надлежниот јавен обвинител поднесе жалба на истото решение. Во текот на жалбената постапка, настапи смрт кај затвореникот-странски државјанин во затворски услови, па како нема правосилна одлука, не се створи судска практика по однос на прекин на казна на странски државјанин.*

И покрај тоа што членот 5 предвидува дека со лицата спрема кои се извршуваат санкциите ќе се постапува на начин кој во најголема можна мера одговара на нивната личност, сепак со самиот факт дека и покрај тоа што законодавецот предвидува куќен затвор, истиот институт сè уште не е заживеан, па за одреден круг на сторители издржувањето на казната е вистински предизвик не само за сторителот, туку за установата каде што се издржува казната, а исто така и за судијата што ја извршува казната.

Согласно член 59-а став 1 од КЗ, ако сторителот на кривично дело за кое е пропишана парична казна или затвор до пет години е стар и изнемоштен, тешко болен или е бремена жена, ако судот му изрече казна затвор до три години, истовремено може да одлучи со негова согласност казната да ја издржува во куќен затвор. Првиот услов е *висината на пропишаната казна* да биде до 5 години. Притоа, законодавецот предвидел „пропишаната", а не „определената" казна затвор, што значи доколку станува збор за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 4 години, дури и да е определена помалку од 4 години сепак да не може да се изрече куќен затвор. Вториот услов е сврзан со *категоријата на осудени лица* спрема кои може да се примени овој вид на казна. Кривичниот законик таксативно го определува кругот на тие лица и тоа за стари и изнемоштени лица, тешко болни или бремени жени. Се чини дека овој услов не требаше да се постави толку строго и изречно да се лимитира, туку со една генерална клаузула да се допушти можност таа да им се изрекува и на некои други категории осудени лица на пример жени-доилки, лица кои имаат обврска да се грижат за тешко болни, стари, изнемоштени или хендикепирани членови на нивното семејство и слично.

Кога станува збор за старосната граница, неопходно е истата да биде изрично определена од страна на законодавецот со цел да се избегне можност од широко толкување кое би довело до евентуални злоупотреби.

Месната надлежност за постапување на одделението за извршување на санкциите е регулирана со одредбата од член 7 од ЗИС согласно која надлежен да постапува е судијата за извршување на санкциите според местото на живеење, односно, престојувалиштето на осуденото лице. Членот 7 во став 2 предвидува дека судот што ја донел одлуката во прв степен со која е изречена санкцијата е должен да му ја достави на надлежниот суд за извршување на санкцијата според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. И покрај тоа што често има практика судот што ја донел пресудата во прв степен да ја достави истата на извршување во истиот суд, без оглед на местото на живеење

или престојување на осудениот, сепак овде одредбата е јасна дека доставата оди од судот што ја донел пресудата во прв степен, односно од судечкиот судија до надлежниот судија за извршување на санкциите. Оваа одредба и покрај тоа што е јасна и недвосмислена, сепак наиде на поголемо внимание при извршувањето на пресуди на осудениците кои се квалифицирани како „високо-профилни" престапници, бидејќи истите изврšија промена на адресата на живеење и на тој начин настапи промена на судот надлежен за извршување на санкцијата, односно, промена на установата каде што ја издржуваат казната.

Затворските установи се организирани[33] на начин што *во КПД Идризово со отворено одделение во Велес се упатуваат:*

- Машки лица примарни сторители осудени со правосилна пресуда на казна затвор над 3 години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 3 години од подрачјето на Основен кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово.

- Машки лица - повратници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор над една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над една година од подрачјето на Основен кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово.

- Женски лица – осудени со правосилна пресуда на казна затвор и казна доживотен затвор, како и деца од женски пол осудени на казна затвор или воспитна мерка упатување во воспитно поправен дом независно од висината на казната, односно мерката. Овие лица казната ја издржуваат во одделението за женски лица.

- Женски лица - странски државјани и женски лица без државјанство.

- Машки лица осудени на казна доживотен затвор од подрачјето на Основен кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово, и

- Машки лица странски државјани и лица без државјанство осудени со правосилна пресуда на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор останува над 3 години од Основен кривичен суд Скопје и основните судови: Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино и Тетово.

*Во КПД од отворен вид Струга се упатуваат:*

[33] Упатувањето на осудени лица се врши согласно Решение за распоредување на осудени лица и децата во КПУ и ВПУ, како и притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.10/2020), даден во Анекс II на оваа Анализа.

- Машки лица осудени со правосилна пресуда за кривични дела од небрежност на казна затвор над три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува над 3 години;

- Машки лица примарни сторители осудени со правосилна пресуда на казна затвор до три години, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до три години, за подрачјето на основните судови Дебар, Охрид и Струга; и

- Машки лица – повторници, осудени со правосилна пресуда на казна затвор до една година, односно кога остатокот од казната по пресметаниот притвор изнесува до една година, од подрачјето на основните судови Дебар, Охрид и Струга.

Судската практика бележи 5 осуденици[34] кои со промена на адресата ги искористија погодностите да ја издржат казната затвор во единствениот затвор од отворен вид, затвор Струга, односно ја промениле адресата на живеење во периодот од донесувањето на пресудата до моментот кога пресудата ги исполнила условите за извршување на санкцијата. Постапката за извршување на санкцијата која се води согласно одредбите од ЗИС, е итна, односно итниот карактер на самата постапка произлегува од одредбата од член 7 став 4 од ЗИС, каде е наведено дека судијата за извршување на санкциите е должен да пристапи кон извршување на санкцијата со преземање на законски определените дејствија и мерки веднаш по приемот на одлуката. Надлежниот сектор за граѓански работи при МВР на РСМ – СВР Скопје, доколку осудениот има адреса на територијата на град Скопје испраќа нов Упатен Акт до осудениот со нов датум кога истиот треба да се јави на издржување на изречената казна затвор, а доколку осудениот сега има адреса надвор од територијата на град Скопје, во тој случај судијата за извршување на санкциите со пропратно писмо го отстапува на надлежност на судот кој е месно надлежен согласно новата адреса на која живее или престојува осудениот, при што во прилог ги доставува во оригинал сите списи на предметот, а во списите на предметот во одделението на извршување на санкциите при Основен кривичен суд Скопје се задржува копија од сите списи, при што тој предмет таков случај се смета за завршен.

Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните[35] во членот 2 предвидува дека *живеалиште* е местото во кое граѓанинот се населил со намера во него постојано да живее и во кое има обезбедено стан за живеење. Се смета дека граѓанинот има обезбедено стан за живеење, во смисла на овој закон, ако тој или член на неговото семејство има вселив стан по основ на сопственост или договор за закуп во согласност со законот. *Престојувалиште* е местото во кое граѓанинот привремено престојува, надвор од општината во која се наоѓа неговото живеалиште.

[34] Се издвојуваат предметите на Основен кривичен суд Скопје КУИКП бр.366/22; КУИКП бр.834/22; КУИКП бр. 1002/22.

[35] Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓаните, Службен весник бр.36/1992; 12/1993; 43/2000; 66/2007; 51/2011; 152/2015; 55/2016; 302/2020 и 67/2022.

Нејасно е на кој начин МВР ја утврдува „намерата“ на граѓанинот во тоа место постојано да живее, особено ако истиот се спогодил да издржува казна затвор во наредните неколку години, посебно кога станува збор за ноторно познати предмети. Дополнително, сите овие пресуди се донесени врз основа на предлог-спогодби, што значи дека обвинителството и сега осудените се спогодиле за висината на казната од 3 години, што е основен предуслов за издржување на казната затвор во казнено-поправен дом од отворен вид Струга.

Оваа одредба е основната одредба со која се регулира месната надлежност на судијата за извршување на санкции. Со неа се определува дека со донесување на пресуда на првостепениот суд, истата станува правосилна и без пречки по нејзината правосилност ја доставува до судот што е месно надлежен. Тоа значи дека судот за извршување на санкции постапува само по правосилни и извршни одлуки со кои е изречена санкција, а не по решенија за определување на мерки за обезбедување на присуство (притвор, куќен притвор, мерки на претпазливост).

*Судска пракtика*

*Оваа одредба наидува на различно толкување, па така Основен суд Битола до судија за извршување на санкции (КУИКП бр.173/22) во Основен кривичен суд Скопје достави на постапување Решение за определување на мерки на претпазливост. Имено, Основен кривичен суд Скопје, како месно надлежен извршува правосилна и извршна пресуда донесена од страна на Основен суд Битола. Со оглед дека спрема осудениот веќе имаше определено мерка притвор по објава на пресудата, која трае до правосилност, односно до започнување на издржување на казната затвор, извршувањето на правосилната и извршната одлука се состои во спроведување на осудениот од КПУ Битола, каде што се извршува мерката притвор во КПУ Идризово, како затвор кој е соодветен заради висината на казната. Врховниот суд, постапувајќи по предлог за вонредно преиспитување на правосилната одлука, ја укинал второстепената одлука, што значи дека предметот се враќа во фаза на жалбена постапка пред второстепен суд и дека повеќе не постои правосилна и извршна пресуда. По известие за новонастанатата состојба од страна на одбраната на обвинетиот, судијата за извршување на санкции се обратил до првостепениот суд која ја донел одлуката, како и до второстепениот суд со оглед дека предметот е пред тој суд. Второстепениот суд извести дека Врховниот суд ја укинал второстепената одлука и дека во моментот нема правосилна одлука. Првостепениот суд извести дека списите на предметот не се во судот. По вака добиените известувања, судијата за извршување на санкции го извести затворот дека Врховниот суд ја укинал второстепената одлука и дека повеќе не постои правосилна и извршна одлука што е основ одредено лице да се наоѓа на издржување на казна затвор, односно да биде во затвор. Првостепениот суд дополнително до судија за извршување на санкции достави решение за определување на мерка притвор согласно член 174 од ЗКП, кое е донесено со објавата на првостепената одлука, која станала правосилна и по која осудениот започнал со издржување на казната затвор, но како судија за извршување на санкции постапува само по правосилни одлуки со кои е определена казна, во конкретниот случај определена е казна затвор, решението е вратено до судот кој го донел.*

Воедно, член 7 став 3 одредува дека одлуката станува извршна кога по нејзината правосилност не постојат пречки определени со ЗИС. Но дилемата се јавува кога треба точно да се утврдат пречките за ненастапување на правосилност на судската одлука,

на што укажува ОС Свети Николе. Тоа е нешто што треба да го утврди судот што ја донел одлуката.[36]

Се бележат случаи кога одлуките на ВСРСМ кој одлучувал по вонредни правни лекови, судот што ја донел пресудата во прв степен да не ги достави до судија за извршување на санкции. Па така, може да се случи доколку осудениот е на издржување казна затвор, судијата за извршување на санкции воопшто да нема податок дека истата е укината или преиначена. [37]

## ПРЕПОРАКИ

⇒ *Дополнување на член* 2 од ЗИС со објаснување дека изречената санкција се извршува кога одлуката покрај правосилна, ќе стане и извршна, што треба да биде утврдено од судот што ја донел одлуката.

⇒ *Дополнување на член* 2 *став* 3 и *став* 4 со точно утврдување на пречките за наступување на извршност и правосилност на одлуката на судот.

⇒ Законско уредување на старосната граница на сторителите на кривични дела, со цел да се избегне можност од широко толкување кое би довело до евентуални злоупотреби.

⇒ Поажурно постапување на судот што ја донел првостепената пресуда, со задолжително доставување на пресудата до судијата за извршување на санкции и одлуката на ВСРСМ донесена по вонреден правен лек веднаш по нејзиното добивање.

⇒ Задолжително известување на судијата за извршување на санкции од страна на првостепен суд ако ВСРСМ во постапка по вонреден правен лек донел одлука за укинување или преиначување на пресуда.

# ГЛАВА II Извршување на санкциите изречени за кривични дела Основни начела

## Општи напомени

Првиот дел од ЗИС започнува со одредбите од Глава II (членови 14-25). Во неа се уредени основните начела при извршување на казната затвор, остварувањето на процесот на ресоцијализација како основна функција на затворските установи и вклучувањето на осудените лица во општеството како основна цел на кривичната санкција. На тој

[36] Предлози и мислења на ОС Свети Николе во врска со примена на ЗИС, СУ-215/22-2 од 31.08.2022.

[37] КУИКП бр. 795/21.

начин се опфатени прашањата за остварување на специјална и генерална превенција. Во оваа глава е уредено и постапувањето со осудените лица и законската обврска за почитување на интегритетот на осудениците и нивното достоинство, како и забраната за мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување. Понатаму, тука се содржани и одредбите за распоредување на осудениците во КПУ и ВПД и начинот на издржување на казната, правото на здравствена заштита и овозможување на работа која ќе биде корисна и соодветна на начинот на нејзиното вршење на слобода.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Членот 17 став 3 предвидува дека осудените лица кои за првпат издржуваат казна затвор се одвојуваат од осудените лица во повтрат доколку за тоа постојат просторни услови во установата, а овој член е во корелација со членот 19 од истиот закон кој предвидува дека при распоредувањето, класификацијата и разместувањето на осудените лица мора да се има предвид видот и природата на кривичното дело и степенот на кривичната одговорност. Оваа одредба и покрај тоа што е од природно технички карактер, сепак води кон различна судска практика.

Дилема е како да се постапува со лицата кои биле условно осудувани, како и со лицата за кои настапиле услови за законска рехабилитација. Кривичниот законик предвидува дека рехабилитацијата на осудено лице може да настапи по сила на закон (законска рехабилитација) или врз основа на судска одлука (судска рехабилитација). Според ставот 2 од истиот член, рехабилитацијата значи предвремен престанок на казните што се состојат во забрани и на казната протерување странец од земјата и правните последици од осудата и бришење на осудата од казнената евиденција. Ставот 3 предвидува дека рехабилитираното лице се смета за неосудувано, а податоците за бришаната осуда не се даваат никому. Но судската практика покажува дека и покрај тоа што законодавецот предвидел законска рехабилитација, сепак истата се спроведува на барање на осуденото лице. Тоа значи дека и покрај тоа што настапиле услови за законска рехабилитација, доколку лицето не побарало бришење, истата осуда стои во казнената евиденција. Различна е практиката како судиите кои судат ги третираат обвинетите кои имаат осуди за кои настапиле услови за законска рехабилитација, а истите не побарале бришење од казнената евиденција.

Па така, дел од судиите констатираат дека настапиле услови за бришење на осудите и при одмерување на казната обвинетите ги третираат како неосудувани, а дел од судиите ја ценат казнената евиденција во која осудата стои и обвинетите ги третираат како претходно осудувани. Овој вид на постапување доведува до правна несигурност, бидејќи во зависност од тоа на кој начин судот ја третира претходната осудуваност за која настапиле услови за законска рехабилитација ќе зависи и во кој вид на затворска установа ќе бидат сместени осудениците.

Исто така, постои различна судска практика кај судиите за извршување на санкциите кога станува збор за упатување во затворски установи на осудениците кои претходно биле осудувани на условни осуди или парични казни. Според Решението за

распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните и воспитно-поправните установи како и на притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи се предвидува примарните сторители осудени на казна затвор до 3 години да се сместуваат во Затвор Скопје, но се поставува прашањето каде да се упатуваат претходно условно осудуваните осуденици. Криминалната инфекција во затворите е неизбежна, тие што се прв пат осудувани неминовно доаѓаат во контакт со лица кои и претходно издржувале затворска казна во установа.

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Лицата кои претходно биле осудувани и за истите осуди настапила законска рехабилитација, судот треба да ги третира како неосудувани.
- ⇒ Осудениците кои биле осудувани на условни казни или парични казни, односно осуденици кои немале ефективна затворска казна треба да се третираат како неосудувани при распределување во затворските установи.

# ГЛАВА III Надлежни органи за извршување на санкциите

## Општи напомени

Прашањата поврзани со постапувањето на органите надлежни за извршување на санкциите се опфатени во глава III од ЗИС. Оваа глава е поделена на три сегменти започнувајќи со *„А) Управа за извршување на санкциите“* во кои се опфатени одредбите кои се однесуваат на УИС. Тука е подробно објаснета надлежноста на УИС, раководењето со управата и со КПУ и ВПУ, како и поделбата на надлежностите на избраните директори и заменици директори. Вториот сегмент е *„Б) Казнено-поправни и воспитно-поправни установи“* кој ја опишува мрежата на пенитенцијарни установи низ државата, нивната организација и поставеност како државни институции во состав на МП. Во овие установи, со оглед на сложеноста и обемот на работите во функција на извршувањето на санкциите, се организираат сектори и одделенија, а нивниот делокруг на работата е поблиску уреден со подзаконски акти.[38] Третиот сегмент е *„В) Судија за извршување на санкциите“* со уредени надлежности на судиите за извршување на санкции (членови 26-43).

[38] Види листа во Анекс II кон оваа Анализа.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Главата III од актуелното законско решение има само 2 члена со кои ја уредува целата надлежност на судијата за извршување на санкциите. Притоа изрично предвидува дека во сите основни судови се определува судија за извршување на санкциите кој е должен да ги штити правата на осудените лица, да врши надзор над законитоста во постапката за извршување на санкциите и да обезбеди рамноправност и еднаквост на осудените лица пред законот.

Надлежностите на судијата за извршување на санкции се таксативно наброени, што значи дека законодавецот прецизно ги нормирал и тоа се упатување на издржување на казната затвор, одлагање на издржување на казната затвор, прекин на издржување на казната затвор и ставање вон сила на прекинот на издржување на казната затвор, пресметување на казната, доколку надлежниот суд не донел соодветна одлука, настапување на застареност на извршување на казната или запирање на извршувањето на казната поради смрт на осудено лице, известување на надлежниот суд која ја донел пресудата, соработка со надлежните центри за социјална работа за поспеналната помош, замена на парична казна со затвор, плаќање на паричната казна, односно глобата на рати, примена на одредбите од Законот за меѓународна соработка во кривичната материја, примена на одредбите од Законот за пробација и други работи пропишани со закон.

Актуелното законско решение, односно Законот за извршување на санкциите од 2019 година воопшто не ја содржи глава XVIII Извршување на алтернативните мерки од старото законско решение, која се однесува на извршување на алтернативните мерки, туку тој дел е инкорпориран во Законот за пробација (Службен весник бр.226/2015 од 25.12.2015 година).

Предвидено е единствено дека судијата за извршување на санкции презема активности и одлучува, меѓу другото, и за замена на паричната казна со затвор и примена на одредбите од Законот за пробација. Според овој закон, осуденото лице до надлежниот судија за извршување на санкции може да поднесе молба[39], со соодветни докази, за привремено прекинување на извршувањето на општокорисната работа во случај на акутна болест, ненадејна тешка болест или смрт на член на потесното семејство, согласно со одредбите со кои се регулираат прашањата од областа на семејното право, бременост или родителство до навршување една година старост на детето и извршување на итни работи предизвикани од елементарни непогоди со што би се спречило настанување на значителна материјална штета. По молбата за прекин[40], поднесена од осуденото лице, судијата за извршување на санкции одлучува во рок од осум дена од приемот на молбата, по претходно прибавено мислење од надлежен јавен обвинител. Осуденото лице на кое му е одобрен прекин на извршувањето на општокорисната работа од причини наведени во став 1 алинеја 1 е должно секој месец да доставува потврда за неговата здравствена состојба до судијата за извршување на санкциите.

[39] Законот за извршување на санкции го користи терминот „барање", а Законот за пробации терминот „молба".

[40] Во Основен Кривичен суд Скопје има само една молба за прекин на општокорисна работа ПК бр. 15/22

Надлежниот судија за извршување на санкциите ќе ја отповика одлуката за прекин за извршување на општокорисна работа доколку се утврди дека причините поради кои е одобрен прекинот престанале да постојат или осуденото лице го користи спротивно на целта заради која е определен.

Имено, член 22 од погоре цитираниот закон предвидува дека „осуденото лице до надлежниот судија за извршување на санкции може да поднесе молба со соодветни докази привремено да му се прекине извршувањето на општокорисната работа...“ и оттука произлегува дека судијата за извршување санкции единствено има надлежност во случај кога осудените бараат привремен прекин во извршувањето на општокорисната работа.

Законот за пробација во глава IV Извршување на пробациски работи, во делот 2 Извршување на алтернативни мерки определени врз основа на судска одлука, во поддело 2.2 го уредува Извршувањето на општокорисната работа. Имено, член 23 став 2 предвидува „ако месно надлежната пробациска канцеларија утврди дека осуденото лице не ги исполнува или грубо ги занемарува своите работни обврски го повикува осуденото лице на разговор и го опоменува, а за тоа веднаш ќе го извести судот кој ја донел одлуката во прв степен.“ Согласно став 4 од истиот член, „ако осудениот и по писмената опомена продолжи со таквото однесување, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да го замени неизвршениот дел од мерката со парична казна или казна затвор, така што за секои три часа општокорисна работа се засметува една дневна глоба или еден ден затвор.“ Согласно став 4 од истиот член „ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна“.

Со оглед на формулацијата „судот кој ја донел одлуката во прв степен“ може да се толкува дека станува збор или за „судечкиот судија“ или пак за „Советот од член 25“ од Законот за кривичната постапка[41], но во ниту еден случај не може да се подразбере дека станува збор за „судијата за извршување на санкциите“ бидејќи судот што ги извршува санкциите се определува по местото на живеење на осудениот, а не по местото на сторување на кривичниот настан, односно судот што ја извршува санкцијата е различен од судот што ја донел одлуката.

Во однос на тоа кој е надлежен да постапува во случај кога пробациските служби ќе известат дека осудениот не ги исполнува или грубо ги занемарува работните обврски, сметаме дека решението е во член 23 став 4 од Законот за пробација кој предвидува дека „ако осудениот не ја извршува општокорисната работа изречена како замена за паричната казна или казната затвор, месно надлежната пробациска канцеларија ќе му предложи на судот да донесе одлука за извршување на изречената казна“. Во овој момент, имајќи го во предвид постојното законодавство, недостига токму таа „одлука“, односно нејасно е кој треба да донесе „одлука за извршување на изречената казна“.

[41] Закон за кривична постапка, Службен весник бр. 150/2010; 100/2012; 142/2016; 193/2016 и 198/2018.

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Во одредбата што ги уредува надлежностите на судијата за извршување на санкциите да се додаде замена на општокорисна работа со парична казна како нова надлежност на судијата, ако судот што ја донел пресудата утврдил висина на паричната казна.
- ⇒ Да се додаде судија за деца, со посебни надлежности за извршување на воспитните мерки спрема деца сторители на кривични дела.

# ГЛАВА IV Установи за извршување на казната затвор

## Општи напомени

Со четвртата глава започнува вториот и воедно најобемен дел од ЗИС. Со одредбите се уредени прашањата за установите во кои се издржуваат изречените затворски казни, нивните надлежности и куќниот ред на установата (членови 44-48).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Судската практика покажа дека со оглед на законската рамка во која може да се одмери висината на казната, се случува и за потешки кривични дела, односно и за дела за кои е предвидена минимум казна затвор од 5 години, осудениците да се спогодат и да добијат казни затвор до 3 години, што е услов да ја издржуваат казната во казнено-поправен дом од отворен вид Струга, а што е мотив за промена на адресата на живеење со цел казната да се издржува во единствениот затвор од отворен вид (види објаснување во Глава I).

Идејата за постоење на установа од отворен вид се темели врз претпоставката дека организацијата на живот и работа на осудените лица може да се темели врз дисциплина и лична одговорност, без притисокот од силно физичко и материјално обезбедување. Отворените казнено-поправни установи претставуваат еден од најсовремените достреали во примената на начелото на хуманизација во извршувањето на санкциите.[42] Токму затоа законодавецот во член 46 (став 1) пропишал „*основано може да се очекува дека постапувањето во овие установи одговара на карактерот на кривичното дело и личноста... дека во овој вид установа со чувство на лична одговорност ќе ги извршуваат своите обврски и нема да го злоупотребат престојувањето*“. Случаите од поновата практика[43]

---

[42] Зоран Сулејманов, Коментар на Законот за извршување на санкциите, Скопје, 1998, стр. 89.

[43] **Телма, 20.07.2022:** ***По Кичеец и Камчев, и Мијалков стана жител на Охрид, затворската казна ќе ја издржува во Струга*. Линк:** https://telma.com.mk/2022/.

претставуваат изигрување на законот[44] и сметаме дека во затворска установа од отворен вид казна затвор може да издржуваат само осудени лица кои кривичните дела ги сториле од небрежност.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ *Во установа од отворен вид казна затвор треба да издржуваат само осудени лица кои кривичните дела ги сториле од небрежност за одредени кривични дела, за кои горната граница на казната е определена до три години.*

# ГЛАВА V Работни односи

## Општи напомени

Оваа глава е поделена на два дела: Работни односи и Затворска полиција.

Првиот дел се однесува на општите прописи за засновање и престанок на работен однос во казнено-поправните установи, статусот на вработените во КПУ и ВПУ (поделба на административни државни службеници, затворска полиција и помошно-технички лица), годишните планови за вработувања (вклучително и обврската за планирање на вработувањата во установата врз основа на Методологијата за планирање утврдена во Законот за вработените во јавниот сектор, за што се подготвува годишен план за вработувања) и актите за внатрешна организација и систематизација на вработените (со кои се определува видот и бројот на организационите единици за извршување на функциите и нивото, посебните услови и описот на работите и работните задачи за секое работно место) се предмет на Глава V од ЗИС (членови 49-52).

Во вториот дел, меѓу другото, се уредени сите прашања поврзани со Затворската полиција (членови 53-124), и тоа:

- Општи начела за постапување на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи;
- Организација и надлежност на припадниците на затворската полиција;
- Класификација на работни места на припадниците на затворската полиција;
- Категории, нивоа и звања на работни места на припадниците на затворската полиција;
- Нивоа на работни места на затворска полиција од категоријата Б – раководни, В – стручни и Г - помошно-стручни;
- Звања;
- Пополнување на работни места на припадниците на затворската полиција;
- Општи и посебни услови за пополнување на работни места;

[44] Види наведени примери во објаснувањето за месна надлежност во Глава I, од овој прирачник.

- Постапка за вработување;
- Јавен оглас;
- Комисија и постапка за селекција за вработување;
- Унапредување на припадниците на затворската полиција;
- Мобилност во државната служба;
- Општи права, одговорности и должности на припадниците на затворската полиција;
- Право на синдикално организирање и право на штрајк;
- Плата и надоместоци на плата на затворската полиција;
- Стручно усовршување и обуки на припадниците на затворската полиција;
- Дисциплинска одговорност на припадниците на затворската полиција;
- Дисциплинска неуредност;
- Дисциплински мерки;
- Извршување на парична казна;
- Суспензија;
- Надоместок за причинета штета при материјална одговорност на припадниците на затворската полиција;
- Постапка за утврдување на материјална одговорност;
- Престанок на работен однос, итн.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Одредбите за Затворска полиција од членовите 53-124 да се издвојат во посебен закон.[45]

# ГЛАВА VI Финансирање на установите

## Општи напомени

Во шестата глава се содржани правилата и начинот на финансирање на УИС, КПУ и ВПУ. Установите како единки корисници и УИС се финансираат од Буџетот на РСМ, сопствени приходи и други приходи согласно закон, а од остварените приходи од самофинансирачки активности задолжително се издвојуваат средства за изградба и опремување на установите и затворската полиција. Во законот таксативно се набројени средствата за работа во установите вклучително средствата за работа на припадниците на затворската полиција, униформи, вооружување и друга опрема (членови 125-127).

[45] По пример на Закон за судска служба, Закон за јавно обвинителска служба и др.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава VI.

# ГЛАВА VII Организација и работа на стопанско-инструкторски одделенија

## Општи напомени

Постигнувањето на целите на казнувањето нужно зависи од остварување на посебно определени мерки и работни активности во облик на третман на осудените лица, што придонесува, пак, за остварување на превоспитниот процес. Третманот уште може да се нарече и средство, а превопитувањето, ресоцијализацијата и социјалната адаптација негова цел[46]. Главата VII всушност ги содржи одредбите за организирање стопанско-инструкторско одделение (во рамките на секторите за ресоцијализација), заради работа на осудените лица и децата, а приходите и расходите се составен дел на буџетите на установите. Средствата и услугите што се добиваат како резултат на оваа работа првенствено се користат за потребите на установата во која се наоѓаат осудените лица или деца (членови 128-132).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска пракитка

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава VI.

[46] Сулејманов, op.cit.

# ГЛАВА VIII Надзор врз работата на установите

## Општи напомени

Одредбите од Глава VIII се однесуваат на спроведувањето стручен надзор врз работата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи што го врши УИС и судски надзор во извршувањето на санкциите во однос на постапувањето со осудените лица и во остварувањето на нивните права и обврски, што го врши судија за извршување на санкциите во основниот суд во седиштето на установата, или во седиштето на локалната пробациска канцеларија (членови 133-136).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Во член 134 од актуелниот закон уреден е судскиот надзор во извршувањето на санкциите и предвидува надзор во однос на постапувањето со осудените лица и во остварувањето на нивните права и обврски. Директорот на установата и одговорното лице на локалната пробациска канцеларија се должни на судијата за извршување на санкциите да му ја обезбедат на увид потребната документација, да им овозможат непречена работа во вршење надзор и непречен разговор со осудените лице и зависно од потребите, со и без присуство на вработени во установа. За извршениот надзор и утврдените состојби, судијата за извршување на санкции составува записник. Кога при извршениот надзор судијата за санкции утврди неправилности, составува записник за отстранување на утврдените неправилности во определен рок кој го доставува до директорот на УИС. Директорот врз основа на овој записник донесува наредба и ја доставува до судијата за извршување на санкции. Вработените лица во УИС и судијата за извршување на санкциите меѓусебно се известуваат за утврдените состојби во установата и за утврдените незаконитости при вршењето на надзорот.

Судиите наидуваат на проблем при примена на оваа одредба.[47] Толкувањето би се олеснило доколу точно се прецизира судскиот надзор што го врши судијата за извршување на санкциите, односно кои се тие права на кои укажува законот, во која постапка, дали по поднесено барање, предлог, молба и др., кој го поднесува, кој доставува докази, кои се учесници, дали се држи рочиште итн. Притоа треба да се има предвид дека самиот закон дал дефиниција за двајца судии за извршување на санкциите - еден според живеалиште а друг според седиштето на установата, за што сметаат дека треба да се разграничи и дообјасни.

Кога станува збор за спроведен надзор, а судијата за извршување на санкциите утврди неправилности, останува нејасно како треба да се постапи. На кој начин се утврдуваат неправилностите, што сè може да претставува неправилност, кој ја уредува

---

[47] Предлози и мислења на ОС Свети Николе во врска со примена на ЗИС, СУ-215/22-2 од 31.08.2022.

постапката, со кои докази и сл. но дилема се јавува и во поглед на отстранувањето на утврдените неправилности: на кој начин се отстрануваат, дали е доволно укажување или се носи решение или наредба. Овие правни инструменти имаат различно правно дејство доколку не се извршат а останува отворено и прашањето дали може да се поднесе правен лек против ваквите одлуки.

*Судска практика*

*Во досегашната практика на Основен кривичен суд Скопје, евидентирана е само една поплака од страна на осуденик и истата се однесува на ускратување на правото на користење на годишен одмор, односно од страна на УИС донесено е решение за ден помалку од тоа што му следува на затвореникот. По направениот увид, судот констатирал дека постои неправилност по што истото е коригирана, а УИС донела ново решение за годишен одмор на осуденикот.*

И покрај тоа што законот не предвидува задолжителен надзор од страна на судот, судиите за извршување на санкции од Основниот кривичен суд Скопје, редовно вршат најавен надзор еднаш годишно врз затворските установи каде што се сместуваат осуденици со адреса на живеење во Скопје. Она што може да се констатира од досегашните посети на Затвор „Скопје“ – Скопје и КПД „Идризово“, споредено со извештаите изготвени од страна на Народниот правобранител и други невладини организации, е тоа дека постои огромна дискрепанција меѓу истите.

Имено, и покрај тоа што судиите посетата и надзорот го вршат без присуство на вработени во установата, кај притворениците и затворениците владее недоверба спрема судската власт, која впрочем и ги осудила и не даваат никакви забелешки по однос на нивниот третман, а како единствен проблем го посочуваат недостатокот на соодветна здравствена заштита.

## ПРЕПОРАКА

⇒ *Со оглед дека не постои облигаторна одредба, посетата на затворите од страна на судиите е оставено како дискреционо право на истите, да се предвиди редовен надзор еднаш годишно од страна на судија за извршување на санкции, кој би бил најавен, како и можност за вонреден ненајавен надзор.*

⇒ *Допрецизирање на одредбата од член* 134 од ЗИС во поглед на судскиот надзор.

⇒ *Објаснување на поимот, постапката и начинот на утврдување на неправилности од член 136 став 2 како и начинот за отстранување на неправилностите.*

# ГЛАВА IX Постапување при извршување на казната затвор

## Општи напомени

Деветтата глава ги регулира прашањата поврзани со постапката за упатувањето на осудените лица на издржување на затворска казна, во установата според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. Воедно, во оваа глава се уредени прашањата во случај осуденото лице да е недостапно за органите за прогон, ако не се јави во определениот ден на извршување на казната затвор, за осудено лице кое се крие или се наоѓа во бегство, понатаму за условите под кои законот дозволува одлагање на почетокот на извршување на казната затвор, прием на осудено лице во установа, постапка за утврдување идентитет итн. По приемот, осуденото лице се упатува во одделението за испитување на личноста и за утврдување на третманот и постапувањето со него т.н. приемно одделение, каде што осуденото лице се запознава со куќниот ред во установата, правата и обврските за време на издржувањето на казната и начинот на нивното остварување (членови 137-153).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

И покрај тоа што ЗИС би требало концепциски да е многу поразличен од досегашното решение и да се однесува пред сè на постапката за извршување на санкции, а не и да регулира општи права и одговорности на припадниците на затворската полиција[48], актуелното законско решение има само една глава која се однесува на постапување на извршување на казна затвор како најтешка казна. Постапката за извршување на изречена казна затвор е регулирана во Глава IX „Постапување при извршување на казна затвор“, Подглава 1 „Упатување на осудени лица“ со одредбите од член 137 до член 142.

На самиот почеток законодавецот ја има одредено месната надлежност за постапување на судијата за извршување на санкциите, согласно член 137 од ЗИС, одредба која се надоврзува на општата одредба од членот 7 од ЗИС, согласно која регулатива надлежноста за постапување е на судијата за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. Во ставот 1 од овој член е уредена надлежноста за извршување на казната затвор, што треба да претрпи доуредување и прецизно објаснување, и за тоа се согласни најголем број судии.[49]

Во став 2 од истиот член, во кој се регулира упатувањето во случај кога не е познато неговото живеалиште, односно престојувалиште, надлежен да постапува заради извршување на изречената казна затвор е судот – односно судијата за извршување на санкциите во судот што ја донел првостепената пресуда. Исто така, судот што ја донел првостепената

[48] Види објаснување и предлог во Гл.V.

[49] Така и во Предлози и мислења на ОС Струмица во врска со примена на ЗИС.

пресуда, во случаите кога не се знае живеалиштето, односно престојувалиштето на осудениот или ако осуденото лице е недостапно, должен е да побара од Министерството за внатрешни работи да го пронајде и веднаш да го извести судот за неговата адреса. Според доставените предлози од Основен суд Велес[50], а согласно член 137 став 3, ако осуденото лице не се јави во определениот ден и час, установата за тоа го известува судијата за извршување на санкции кој издава наредба до МВР за приведување со која бара доколку осуденото лице се крие или е во бегство, органот да издаде потерница за негово пронаоѓање и негово спроведување. По распишување на централната потерница, доколку лицето не се пронајде, МВР го известува судот за распишување на меѓународна потерница. Проблем се јавува во ваков случај бидејќи судот не добива повратно известување од страна на МВР дали е во тек меѓународната потерница, каде се наоѓа осудениот, во која држава и престојувалиште е лоциран и не може понатаму да презема дејствија, па по истекот на законскиот рок, извршувањето на казната застарува без вина на судот.

Основниот кривичен суд Скопје во 2017 година издал 1445 упатни акти, во 2018 година издал 2117 упатни акти, во 2019 година издал 1499 упатни акти, во 2020 година издал 1028 упатни акти, а во 2021 година издал 1209 упатни акти.




Судската практика бележи предмети[51] каде што осудениот во текот на постапката која се води согласно ЗИС, извршил промена на адресата на живеење. Во тој случај, по официјално прибавеното известување на надлежниот сектор за граѓански работи при МВР на РСМ – СВР Скопје, доколку осудениот има адреса на територијата на град Скопје испраќа нов Упатен Акт до осудениот, со нов датум кога истиот треба да се јави на издржување на изречената казна затвор. Ако осудениот има адреса надвор од територијата на град Скопје, во тој случај судијата за извршување на санкциите со

[50] Предлози и мислења на ОС Велес во врска со примена на ЗИС, СУ-03 бр.204/22-1 од 5.9.2022.

[51] Предмети на Основен Кривичен суд Скопје, IV КУИКП бр.366/22; КУИКП бр.1002/22 и КУИКП бр.834/22.

пропратно писмо го отстапува предметот на надлежност на судот кој е месно надлежен согласно новата адреса на која живее или престојува осудениот, при што во прилог ги доставува во оригинал сите списи на предметот. Тогаш, за списите на предметот во одделението на извршување на санкциите при Основен кривичен суд Скопје се задржува копија од истите, при што тој предмет односно случај се смета за завршен.

Но, има пример каде што судија за извршување на санкциите издал упатен акт[52], осудениот поднел барање за одлагање и во текот на постапката за извршување, а пред да започне со издржување на казната затвор, осудениот ја променил адресата. Дилема е дали ќе се смета дека судот влегол во постапка и веќе не може да се огласи за месно ненадлежен, аналогно на одредбата од член 30 став 2 од ЗКП[53], или пак со оглед на тоа што казната затвор се издржува во местото на живеење со цел осудениот да биде поблиску до семејството, судијата за извршување ќе го отстапи на надлежност на судот со седиште каде што осуденото лице веќе има ново живеалиште.

*Судска практика*

*Во Одделението за извршување на санкции во Основен кривичен суд Скопје доставена на извршување е доставена Пресуда донесена врз основа на предлог-спогодба КОК.ПП бр.198/22. Во налогот за извршување како и во пресудата како место на живеење на осудените наведена е адреса на територија на Град Скопје. По направените проверки во надлежното министерство добиено е известување дека осуденото лице одјавило живеалиште во Град Скопје и има пријавено живеалиште во Охрид. Основен кривичен суд Скопје, списите на предметот ги достави на надлежниот суд во оригинал, а копија од истите се задржани во предметот во овој суд.*

Од содржината на одредбата од членот 138 од ЗИС, произлегува обврската на судечкиот судија кој ја донел првостепената пресуда истата да ја достави до судијата за извршување на санкциите според местото на живеење, односно престојување на осудениот, заедно со налог за извршување и сите податоци за личноста на осудениот прибавени во текот на постапката од значење за извршување на казната затвор. Податоци кои се битни за извршувањето покрај адресата на живеење се и фактите по однос на претходната осудуваност на осудениот, како и тоа дали истиот е достапен или недостапен, или доколку се наоѓа на издржување на казна затвор, од кој затвор е носен на судски рочишта.

И покрај тоа што оваа одредба не предвидува рокови во кои ќе се постапува, општата одредба предвидува дека судот што ја донел пресудата треба истата да ја достави веднаш, а најдоцна во рок од 5 дена откако за истата нема да има пречки (член 7 од ЗИС). Судијата за извршување на санкции пристапува кон преземање законски определени дејствија и мерки веднаш по приемот на извршната пресуда, а најдоцна во рок од 8 дена од нејзиниот прием (член 139 од ЗИС).

Членот 7 предвидува „веднаш по приемот“, а членот 139 дозволува „најдоцна во рок од 8 дена од нејзиниот прием“

[52] КУИКП бр.366/22 од Основен Кривичен суд Скопје.

[53] Член 30, став 2: Откако обвинителниот акт ќе влезе во правна сила, судот не може да се огласи за месно ненадлежен ниту странките можат да истакнуваат приговор за месната ненадлежност. Закон за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010; 100/2012; 142/2016; 193/2016; 198/2018.

Тоа што законодавецот предвидел „најдоцна во рок од 8 дена од приемот на пресудата е во согласност и со тоа што судијата се исклучува од АКМИС систем само доколку отсуствува подолго од 5 работни денови.[54]

Една од главните специфичности во целокупната постапка за извршување на санкциите е начелото на итност коешто ја изразува намерата на законодавецот постапката да се води брзо, ефикасно и без одложување.

*Судска практика*

*Во практиката на Основен суд Охрид55 често се појавува ситуација кога со решение на судот обвинети лица кои се наоѓаат на издржување на мерка притвор, да бараат отпочнување на издржување на казната затвор пред правосилноста на пресудата, односно да бидат упатени во притворско одделение во установа за издржување на казната затвор. Во овие случаи обвинетиот сè уште нема третман на осудено лице. Но во практиката се наметна состојба во која казнено-поправните установи за прием на ваквите лица бараат судот да издаде упатен акт. Согласно законското решение од член 139 и 140 од ЗИС, упатен акт се издава на осудено лице кое нема правосилна пресуда, па во овој случај не може да му се издаде упатен акт, туку само решение за упатување на издржување казна пред правосилноста на пресудата.*

ЗКП, од друга страна, со одредбите од членот 174 став (6)[56] дава можност за упатување во КПУ и пред правосилност на пресудата.

Дополнителен проблем во примената на одредбите за упатување на осудени лица се јавува кога установата во која е упатено осуденото лице одбива да го прими поради преполнетост на капцитетите на КПУ, па осудените се оставени на слобода.

*Судска практика*

*По донесување на Решението за распоредување на осудени лица, деца и притворени лица57 во КПД Прилеп се упатуваат лица од подрачјето на Основните судови Битола, Крушево, Охрид, Прилеп, Ресен и Струга осудени на над една година, во случај да се пенолошки повторници, над три години и во случај да се неосудувани, на доживотен затвор или странски државјани, осудени на казна над три години. Тоа значи дека во оваа установа казна затвор издржуваат сторители на тешки или најтешки кривични дела.*

*Во практиката се создава проблем, за кој ОС Охрид постојано доставува известувања до МП, УИС и КПД Прилеп58 бидејќи КПД Прилеп одбива прием на осудени лица, а им се издаваат писмени потврди со кои се одбива приемот со образложение дека се исполнети*

---

[54] Член 175 од Судски деловник, Службен весник, бр. 66/2013 и 114/2014.

[55] Предлози и мислења на ОС Охрид во врска со примена на ЗИС, СУ-03 бр.123/22 од 29.07.2022.

[56] Член 174 став (6) од ЗКП: Кога судот ќе изрече казна затвор обвинетиот, кој се наоѓа во притвор со решение на претседателот на советот, може да се упати во установа за издржување на казна и пред правосилноста на пресудата, ако тој го бара тоа.

[57] Решение за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправние и воспитно-оправните установи, како и на притовренитe лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.10 од 16.01.2020 година).

[58] Предлози и мислења на ОС Охрид во врска со примена на ЗИС, СУ-03 бр.123/22 од 29.07.2022.

*капацитетите на установата и осудените лица се оставени на слобода. Оттука произлегува дека осудени лица за полесни кривични дела или кривични дела од небрежност веднаш издржуваат затворски казни, а осудените лица на особено тешки казни подолг временски период се на слобода и истите повторно се јавуваат како сторители на кривични дела.*

*На истиот проблем укажува и ОС Кочани59 кој нагласува дека покрај враќањето на осудените лица судот за тоа не е навремено известен, па осудените лица се изложени на дополнителен трошок, а судот нема друга опција освен да издаде друг упатен акт со нов датум, па осуденото лице по приемот на тој упатен акт повторно ги користи можностите да поднесува барање за одлагање на почетокот на извршување на казната, па потребно е законско регулирање на понатамошното постапување од страна на судот. На сето ова, од ОС Кочани укажуваат дека не се ретки случаите кога осудени лица кои треба да издржуваат затворска казна во установата се одбиени и по вториот упатен акт издаден од страна на судот, со што целата оваа постапка се повторува од почеток.*

При извршување на правосилната пресуда, кај судијата за извршување на санкциите може да се појави одредено сомневање за дозволеноста на извршувањето на судската одлука или засметувањето на казната, или ако во правосилната пресуда не е одлучено засметувањето на притворот или на порано издржаната казна, или засметувањето не е правилно извршено и во тој случај судијата за извршување ќе се обрати до претседателот на советот на судот што судел во прв степен, односно судијата поединец, за што потребно е да донесе посебно решение. Исто се постапува и доколку се јави сомневање за толкувањето на судската одлука. Согласно ваквата одредба, законодавецот ги регулира ситуациите на определни пропуштања или погрешни постапувања и надлежноста за одлучување во дадените ситуации од страна на судечкиот судија или судечкиот судски совет. Сомневање за дозволеноста на извршувањето на судската одлука постои доколку рокот за жалба наведен во поуката за жалба на одлуката е пократок од законски дозволениот рок, при засметување на казната (погрешно пресметана вредност на паричната казна која е заменета со казна затвор; погрешно засметана платена казна за прекршок при изрекување на казната за кривично дело кое ги содржи одбележјата на прекршокот или ако во правосилната пресуда не е одлучено засметувањето на притворот или на порано издржаната казна; засметувањето не е правилно извршено - времето поминато во притвор како и секое лишување од слобода во врска со кривичното дело се засметува во изречената казна - член 41 од КЗ, како и екстрадиционият притвор, лишувањето од слобода или издржаната казна; по пресуда на странски суд не е засметана во изречената казна од домашниот суд за истото кривично дело или ако издржаната казна по претходната пресуда или притворот не се засметани при донесување на новата одлука во случаите на повторување на постапката или пак засметувањата не се правилно извршени; итн)

Одредбата за сомневање и дозволеност на извршувањето не се однесува на исправување грешки при писмена изработка на одлуката, што е регулирано со член 136, член 409 од ЗКП, ниту на одземање на предмети со посебното решение предвидено во член 529 од истиот. Исто така, оваа одредба не го опфаќа пропуштањето да се одлучи за трошоците на постапката. Доколку во текот на постапката за извршување, судијата за извршување на санкции добие известување од Министерството за внатрешни работи или пак од затворската

[59] Предлози и мислења на ОС Кочани во врска со примена на ЗИС, СУ.бр.03-26/22 од 30.08.2022.

установа дека постои грешка во единствениот матичен број на осуденикот, грешка во името и презимето на осуденикот, или пак дошло до промена на името или презимето на осуденикот до правосилност на пресудата, тој бара судот што ја донел пресудата да донесе решение за исправка на пресудата. Доколку промените на името или презимето настанале по правосилност на пресудата исправката ја прави судијата за извршување на санкциите.

Претседателот на советот или судијата поединец што ја донел пресудата, носи решение за исправка доколку станува збор за техничка грешка или пак промена во личните податоци (промена на име или презиме) доколку промената настанала до правосилност на пресудата.

Судијата за извршување на санкции врши исправка на упатниот акт или наредбата доколку промените во личните податоци (промена на име или презиме) настанале по правосилност на пресудата.

Судија за извршување на санкциите издава упатен акт[60] кој задолжително содржи податоци за осудениот, предметната пресуда која се извршува, затворската установа во која се упатува, како и датумот на кој осудениот треба да се јави на издржување на казната затвор. Исто така, упатниот акт мора да содржи и предупредување дека доколку осуденото лице не се јави во установата во определениот ден означен во упатниот акт, ќе биде присилно спроведено и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето. Притоа, законодавецот го регулира и крајниот рок на датумот на кој осудениот треба да се јави на издржување во определената казнено-поправна установа, а тоа е не подолго од 30 дена од денот на изготвување на упатниот акт.

Упатувањето за извршување на казната затвор на осуденото лице се врши на начин што лично му се доставува упатен акт. Во случај да не може да му се достави упатниот акт или доколку истиот сменил адреса на живеење, судот во рок од 15 дена ја обезбедува[61] новата адреса на живеење, а потоа бара МВР да направи проверка дали лицето е достапно. МВР е должно во рок од 15 дена по извршената проверка да го извести судот. Законодавецот предвидел дека МВР треба да извести во рок од 15 дена по извршената проверка, но не и рок во кој министерството треба да ја направи проверката. Доколку се воведе електронски адресар во кој судот ќе има можност за пристап, исклучително ќе се скрати времето на постапување. Сегашната судска практика на Основен кривичен суд Скопје покажува дека постапките за извршување на казната затвор траат со месеци пред сè чекајќи известување за адреса на живеење и достапност.

Доколку лицето е недостапно на органите на прогонот, во рок од 3 дена се составува нов упатен акт со нов датум кога осуденото лице треба да се јави и истиот упатен акт се објавува на огласна табла во надлежен суд, каде што треба да остане 8 дена. Огласната табла физички се наоѓа во просториите на судот и не постои можност доколку некој е надвор од државата да провери дали истиот се бара. Сегашната огласна табла речиси воопшто не е „огласна" и ги задоволува само формалните аспекти, а не е функционална.

[60] Види Анекс II, *Упатен акт.*

[61] Види Анекс II, *Барање за адреса.*

Со оглед на фактот што постои голем број на осуденици-повратници, судската практика често бележи примери каде што упатен акт треба да се достави на осуденик кој веќе е на издржување на казна затвор или е во притвор, за што некогаш има, но многу често судијата за извршување на санкции и нема податок. Имено, не постои единствена евиденција за лица кои издржуваат казна затвор во казнените установи или пак се на издржување на мерка притвор. Во таква ситуација, и покрај тоа што едно лице веќе е во казнена установа, судот сепак немајќи го овој податок, најпрво се обраќа на негова домашна адреса, потоа бара податок за нова адреса од МВР, па бара податок дали истото е достапно на органите на прогонот. Министерството за внатрешни работи, исто така, немајќи податок дека бараното лице е во казнено-поправна установа на издржување на казна затвор, известува дека истиот е недостапен.

Често се случува осудениот во моментот на носење на предметната одлука да е во една казнена установа, но додека пресудата да се изработи, достави до странките, додека поминат роковите за жалба, истата да биде разгледана пред повисокиот суд и преку првостепениот суд што ја донел да се достави до судија за извршување на санкциите, осуденикот или да ја издржи казната, или да биде преместен во друга казнена установа. Се случува и судот да осуди одредено лице и да донесе пресуда во негово отсуство, а истото лице да издржува казна затвор по друга пресуда.

*Судска практика*

*Основен кривичен суд Скопје донел пресуда К бр.1223/21 од 17.06.2022 година со која лицето И.У е осуден на казна затвор, а во истиот суд оформен е предмет КУИКП бр.1001/22 во кој има известие од затворот дека истото осудено лице И.У започнало да издржува казна затвор по друга пресуда од 16.06.2022 година.*

Тоа значи дека задолжително ќе се повтори судската постапка на барање на осудениот во отсуство и ќе се предизвикаат дополнителни трошоци. Од исклучителна помош ќе биде ажурирање на интерниот систем на евиденција на осудените лица што го води УИС и негово прераснување во единствен систем за осудени лица кој повторно ќе биде во надлежност на УИС, а во кој пристап ќе имаат сите судови и јавните обвинителства. Судијата за извршување на санкции (за секое осудено лице надлежен за извршување е судот според местото на живеење) да има увид во електронското досие за осудениците за кои е надлежен, односно да се бележат сите пресуди за одреден осуденик, прекини (доколку има), одлуки донесени од страна на кривичниот совет (пример решение за амнестија, решение за условен отпуст или решение за повторување на постапката).

Не постои единствен регистар на затвореници во кој увид би имале надлежните судови по место на живеење на осудениците. Едно обраќање по писмен пат до кој било орган трае минимум 20 дена и чини околу 70 денари (поштенски трошок). На овој начин судските постапки не само што значително се одолговлекуваат туку се косат со принципот на економичност на постапката. Ова ќе доведе до ефикасност и економичност на судските постапки.

Со оглед на се поорганизираните криминални групи, се зголемува бројот на осуденици кои се странски државјани. Во тој случај, при проверка на адресата преку МВР, како одговор се

добива дека лицето е странски државјанин и за проверка на адреса, судот да се обрати до Одделот за странци при МВР. Пресудата содржи податоци за осудениот, начинот на кој е утврден идентитетот, односно податоци за патната исправа или друг документ за идентификација, во одредени случаи пресудата ја содржи и адресата на живеење на осуденото лице, па од овие причини се јавува потреба од нова одредба која ќе го регулира упатувањето во затвор на странски државјани. Имено, неопходно е барем да се предвиди одредба која ќе упатува на Законот за меѓународна правна помош во кривичната материја, што подразбира достава на упатниот акт, како и секое писмено, по меѓународен дипломатски пат. Треба да се знае дека оваа постапка би траела исклучително долго, но сепак истото е во насока на меѓународните стандарди дека осуденото лице има право да знае за секое писмено кое се однесува на нив.

Законодавецот во член 141 став 1 предвидува обврска на судијата за извршување на санкциите истовремено со упатниот акт до казнено-поправната установа каде осудениот треба да ја издржува изречената казна затвор да достави и препис на правосилната и извршна пресуда со која е изречена казната, како и податоци кои дополнително судот ги располага а кои се однесуваат на осуденото лице. Овие дополнителни податоци се извод од казнената и кривичната евиденција на осуденикот, која се води според местото на раѓање, а казната затвор се извршува според местото на живеење. Првостепениот суд што ја донел пресудата треба истата да ја достави во доволен број примероци до судијата за извршување на санкции. Заедно со првостепената пресуда, доколку има второстепена, потребно е и таа да биде доставена во доволен број примероци. Еден примерок се доставува до затворската установа каде што се упатува осудениот, еден примерок останува во предметот оформен во одделението за извршување на санкции.

*Судска практика*

*Се почесто имаме првостепени пресуди од стотици страници. Пример, Пресудата КОК бр. 40/18, познат во јавноста како предмет за „27 април“ има 1053 страници, додека Пресудата КОК бр.127/15, познат во јавноста како предмет за „Диво насеље“ има 716 страни. Имаме исто толку обемни и второстепени пресуди.*

*Судијата за извршување на санкции и затворската установа имаат потреба од истите со цел да се проверат потребните податоци за осуденикот (адреса на живеење, единствен матичен број, претходна осудуваност), висината на затворската казна, датумот на правосилност (од ова зависи датумот кога ќе настапи застареност на извршувањето), засметувањето на времето поминато во притвор, доколку имало таква мерка, односно за судијата за извршување на санкции потребна е само изреката на пресудата.*

*Доставувањето на пресудите во целост, во доволен број на примероци води до неекономичност на постапката.*

Членот 141 од ЗИС, предвидува судијата за извршување на санкциите во рок од 24 часа откако ќе биде известен да издаде наредба до МВР за приведување на осуденото лице. Надлежен орган за водење на *Системот за издадени Наредби за распишување на потерници* е МВР на РСМ, но истиот не е поврзан со системите за издавање на лични карти и патни исправи, кои исто така се водат во МВР. Сето ова води до ситуација, на лице за кое е распишана меѓународна потерница да може да му биде издадена лична карта (да биде фотографирано во МВР, да му биде земен отпечаток од прст) без притоа системот да бележи дека тоа лице се бара. Лице за кое судот има распишано

потерница, со оглед дека немаме единствен систем, може во истиот суд лично да извади казнена евиденција или било кој друг документ.

Дигитализацијата во судството би требало да воведе електронски систем за водење на евиденција на лица кои се бараат по потерници. Надлежен за системот да биде Министерството за внатрешни работи, а истиот систем да биде поврзан со системот за издавање на лични карти и патни исправи. На овој начин ќе се обезбеди присуство на бараните лица и ќе се спречи застарување на истраги и издржување на казни. Во овој ситем потребно е увид да имаат судот и Јавното обвинителство, од каде непречено и многу брзо би се проверила адресата на некое лице потребно во одредена судска постапка.

Во однос на законската рамка, а по повод наредбите издадени за приведување на осуденото лице, се јавува дилемата што во случај судијата за извршување на санкции да има издадено наредба, но осудениот да се наоѓа на болничко лекување или, пак, како што имавме пред извесен период пандемија на корона вирус, истиот да боледува од некое заразно заболување. И покрај тоа што законодавецот не предвидува основ по кој веќе издадената наредбата може да се повлече, сепак доколку осудениот боледува од некоја заразна болест, како што беше корона вирусот или е на болничко лекување, неопходно е судот да одлучи на начин на кој ќе го заштити здравјето и животот на останатите затвореници, како и на самото осудено лице. [62]

*Судска практика*

*Судската практика бележи и случај каде што МВР известило дека лице спрема кое е распишано наредба за приведување е недостапно на органите на прогонот, а по распишувањето на наредбата тоа да биде пронајдено во напуштена импровизиран дом. Бидејќи лицето е неука странка, судијата за извршување на санкции нема можност ex officio да го одложи упатувањето во затвор, бидејќи не постои таква законска основа.*

Со оглед на тоа што осудените се опоменати дека ќе ги сносат трошоците за нивниот присилен спровод, на барање на МВР кое се поднесува во рок од 15 дена од денот на лишувањето од слобода на осуденото лице, судија за извршување на санкции донесува решение за наплата[63], против кое осудениот има право на жалба во рок од 3 дена до кривичниот совет на надлежниот суд, а жалбата не го одлага решението.

Главата IX од актуелниот закон „Постапување при извршување на казна затвор" започнува со делот за „Упатување на осудени лица" и продолжува со уредувањето на „Одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор" кое како право го имаат единствено осудените лица кои се наоѓаат на слобода. Законодавецот воопшто не предвидел што со лицата кои издржуваат мерка притвор, односно мерка куќен притвор. Овие лица воопшто го немаат правото да бараат одлагање на почетокот на извршувањето на казната. Ова особено се појавува како проблем кога осудениот се наоѓа

[62] КУИКП бр.528/21 (Повлечена е Наредбата бидејќи осудениот приложи документ дека е заболен за корона вирус)
[63] Прилог КУИКП бр.309/21; КУИКП бр.481/18.

во куќен притвор, определен заради здравствената состојба на сега осудениот во текот на кривичната постапка, имајќи го во предвид член 163 став 2 алинеја 1 од ЗКП[64].

*Судска практика*

*IV КУИКП бр. 968/22 е предмет оформен за извршување на Пресуда К бр.51/22 со која осудениот Љ.Б е обвинет за кривично дело Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од член 215 став 1 од КЗ, преиначена во делот на кривичната санкција со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ бр.486/22 на начин што определил казна затвор во траење од 3 години и 6 месеци. Со оглед на тоа што е претходно неосудуван и до крајот на казната останале помалку од 3 години, осудениот треба да ја издржуваа казната затвор во КПУ „Скопје" - Скопје. Во текот на судската постапка, осудениот издржувал мерка куќен притвор од причина што боледува од карцином, па како првостепениот суд ја достави правосилната пресуда заедно со налог за извршување до надлежен судија за извршување на санкциите, веднаш е даден налог за спроведување од куќен притвор во затвор. Осудениот и покрај тоа што се наоѓаше во исклучително тешка здравствена состојба, имаше закажано хемотерапија ден по започнување со издржувањето на казната, судијата за извршување на санкции немаше можност за различно постапување од спроводот.*

Согласно законот, лицето кое се наоѓа на слобода, може да поднесе барање за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, а причините заради кои може да побара одлагање се таксативно наброени, односно законодавецот прецизно го уредил овој дел и тоа се:

- Осудениот да се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест или од зависности;
- Се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице;
- Одлагањето е потребно заради извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи, или работи предизвикани од елементарна непогода или со друга несреќа, а во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила;
- Осуденото лице е обврзано да изврши одредена работа што веќе ја започнало, а поради неизвршувањето на таа работа би настапила позначителна штета;
- Одлагањето на осуденото лице му е потребно заради завршување на училишната година или за полагање на испит за кој се подготвувало;
- Заедно со осуденото лице се осудени неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната, а со упатувањето на сите овие лица на издржување на казна би била загрозена издршката на старите, болните или малолетните членови на семејството или би се довело во прашање нормалното стопанисување на домаќинството;
- Осудена жена чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеци и

[64] Член 62 став 2: На лицето против кое е определен куќен притвор судот може по исклучок да му определи да се оддалечи за одредено време од станот или од друг простор, ако: 1) тоа е потребно за лекување или 2) тоа го бараат посебните околности поради кои може да настапат штетни последици по животот, здравјето или имотот на лицето или на неговите блиски. Закон за кривичната постапка, Службен весник бр.150/2010; 100/2012; 142/2016; 193/2016 и 198/2018.

– Потребно осуденото лице одредено време да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица за кои е должно да се грижи, според мислењето на органите за социјална заштита на општината на чие подрачје децата или тие лица имаат живеалиште или престојувалиште.

Одлагањето во случај кога осудениот е на болничко лекување од потешка болест или од зависност може да трае додека трае болеста, односно лекувањето[65]. Одлагањето заради смрт или тешка болест[66] во потесното семејство на осудениот, извршување или довршување на неодложни полски или сезонски работи[67], или работи предизвикани од елементарна непогода или со друга несреќа, а ако во семејството на осуденото лице нема доволно друга работна сила, кога осудениот се обврзал да изврши одредена работа што веќе ја започнал како и кога е потребно осуденото лице да се грижи за воспитување и чување на децата или згрижување на немоќни лица, може да се биде најдолго за три месеци.

Доколку осуденикот бара почетокот на издржувањето на казната да му се одложи заради завршување на училишната година или за полагање на испити[68] за кои се подготвувал, судот може да го одложи почетокот до завршување на училишната година и шест месеци за испити.

Ако заедно со осуденото лице, осудени се и неговиот брачен другар или други членови на заедничкото домаќинство или ако некои од нив се наоѓаат на издржување на казната[69], почетокот на казната може да се одложи најдолго за 6 месеци.

Осудените жени чие дете е помало од една година или која е бремена, а до породувањето не преостануваат повеќе од три месеци, судот може да ја одложи казната до наполнување на две години на детето. Барањето за одлагање се поднесува лично или преку полномошник. Единствено кога станува збор за барање за одлагање поради болничко лекување, барањето може да го поднесе брачниот другар на осудениот, роднина по крв во права линија, посвоител, посвоеник, брат, сестра или хранител, а доколку истото биде одобрено од страна на судот, осудениот е должен на секои 30 дена да достави веродостоен доказ за неговата здравствена состојба. И покрај тоа што законодавецот не предвидел што во случај осудениот да не доставува веродостојни докази на секои 30 дена, сепак логично е во тој случај судијата за извршување на санкции да го стави вон сила решението со кое се одлага почетокот на издржувањето на казната.

[65] КУИКМ бр.8/22 – Одлагање поради заразна болест – шуга.
[66] КУИКП бр.528/21- Одлагаање заради смрт на родител.
[67] КУИКП бр.494/22- Одлагање заради работно ангажирање со договор на дело за изработка на ентериер.
[68] КУИКП бр.38/21- Одлагање на казната заради полагање на испит.
[69] КУИКП бр.15/22- Одлагање на казната бидејќи сопругот во исто време издржува казна затвор.

Се поставува прашањето дали бранителот кој во текот на кривичната постапка го застапувал осудениот и истиот не стои како бранител во пресудата треба да достави полномошно во постапката за извршување на санкцијата?

Со оглед дека станува збор за постапка, различна од кривичната неопходно е бранителот да достави полномошно до судијата за извршување на санкции. Во предметот кој е оформен заради извршување на пресудата иницијален акт е правосилна пресуда и налог за извршување на истата, но нема примерок од дадено полномошно.

И покрај тоа што ЗКП во член 456 го регулира повторувањето на постапката на лице судено во отсуство на начин што предвидува кривичната постапка во која некое лице е осудено во отсуство (член 365), а настапила можност повторно да му се суди во негово присуство, да се повтори и надвор од условите предвидени во членот 364 од овој закон, ако осудениот или неговиот бранител поднесе барање за повторување на постапката во рок од една година од денот кога осудениот дознал за пресудата со која е осуден во отсуство, а ставот 2 од истиот член предвидува дека надвор од случаите предвидени во ставот (1) на овој член судот во секој случај ќе дозволи повторување на постапката доколку против лицето осудено во отсуство во тек е постапка за екстрадиција и доколку државата во која се наоѓа лицето бара гаранции дека на лицето ќе му се дозволи право на повторно судење во негово присуство. Сепак, барањето за повторување на постапката не е основ за одлагање на извршувањето на казната затвор.

*Судска практика*

*Во последно време (изминатата 2021-ва и тековната 2022-ра година) се наидува на посебен проблем при извршувањето на казните затвор спрема осудени лица кои биле недостапни и спрема истите е спроведена постапка за екстрадиција.*

*Имено, властите каде што е пронајдено осуденото лице и за кое бараме да се екстрадира во Северна Македонија, и покрај тоа што даваме гаранции дека осудното лице има право да ја повтори кривичната постапка, сепак бараат гаранција (Вербална нота од Министерство за надворешни работи на Германија док бр. 506-532.00/66076 кое преку амбасадата на Република Северна Македонија во врска со барањето на екстрадиција во однос на македонскиот државјанин Р.И.) дека осуденото лице во случај на екстрадиција ќе биде сместено во Затвор Куманово. Наведено е дека ова барање е согласно барањето на член 3 од Европската Конвенција за човекови права и основни слободи од 4 ноември 1950 година и Европските основни принципи. Минимални принципи за однесување со затвореници од 11 јануари 2006 година, како и дека германските конзуларн претставници ќе имаат прилика гонетиот во затвор да го посетат и да се информираат за конкретните услови во истиот.*

*Согласно Решението за распоредување на осудените лица и децата70 донесено од страна на Министерот за правда, судот е обврзан според (и пред сѐ) живеалиштето, па висината на казната и претходната осудуваност во кој затвор ќе го упати осудуваното лице. На овој начин дел од правосилните пресуди остануваат неизвршени и покрај тоа што се створени трошоци за екстрадициона постапка.*

*На размислување сме дека за овие осуденици, Министерот за правда треба да донесе одлука со*

---

[70] Решение за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправние и воспитно-оправните установи, како и на притворените лица во притворские одделенија на казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.10 од 16.01.2020 година)

*која ќе ги упати во казнена установа која се посочува од страна на државата која треба да ја одобри екстрадицијата (аналогно на дискреционото право да одлучи дали едно барано лице ќе биде или нема да биде екстрадирано до РСМ).*

Барањето за повторување на постапката на лице судено во отсуство не е основ за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор. Судијата за извршување на санкции со решение го отфрла како недозволено барањето за одлагање на извршувањето на казната затвор.

Барањето за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор се поднесува во рок од три дена од денот на приемот на упатниот акт. Единствено ако причините за одлагање се болничко лекување од потешка акутна болест или од зависност, или пак се случила смрт или тешка болест на член на потесното семејство на осуденото лице, тогаш барањето може да се поднесе до денот кога осуденото лице треба да се јави заради извршување на казната. Кон барањето се приложуваат и веродостојни докази за причините кои го оправдуваат одлагањето. Често се случува доказите да бидат доставени во копија, како судот би ги повикал на уредување, а на тој начин би се одложило започнувањето на извршувањето на казната затвор.

По ова барање за одлагање на почетокот на извршувањето на казната одлучува судијата за извршување на санкциите кој е должен да донесе решение во најкус можен рок по приемот на барањето. Пред донесувањето на решението судијата може да ги провери околностите наведени во барањето. Овде законодавецот му остава дискреција на судијата за извршување на санкции дали наведените околности ќе ги проверува или ќе поклони верба на приложените докази. Судијата за извршување на санкции многу често има потреба да изврши извиди во соработка со Централен регистар, Управата за матични книги, Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа, а како не функционира интероперабилноста помеѓу институциите, секоја проверка е трошок и одолговлекување на извршувањето на санкцијата.

Против решението донесено на барањето за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, осуденото лице и надлежниот јавен обвинител имаат право на жалба до кривичниот совет на надлежниот суд во рок од 3 дена од денот на приемот на првостепеното решение. Жалбата го одлага извршувањето на казната. Кривичниот совет е должен да донесе решение по жалба во рок од три дена по приемот на жалбата.

Одредбата од член 146 од ЗИС досега не е применета, односно не постои судска практика во Основен кривичен суд Скопје каде што одложен е почетокот на извршувањето на казната затвор на барање на надлежен јавен обвинител. Оваа одредба предвидува можност надлежниот јавен обвинител врз основа на законското овластување да побара одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор, по што судијата за извршување на санкциите нема да го повика осуденото лице, а ако веќе го повикал, но уште не поминал рокот за јавување во установата, ќе донесе решение за одлагање на почетокот на извршувањето на казната. Предвидено е овој вид на одлагање да трае додека јавниот обвинител го извести судијата за извршување на санкциите дека може да се отпочне со извршувањето на казната затвор, односно до донесувањето на решението по правното средство на јавниот обвинител. Решението за одлагање на почетокот на извршувањето

на казната донесена по барање на јавниот обвинител престанува да важи ако јавниот обвинител во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката не употреби правно средство.

Покрај судијата за извршување на санкциите, за одлагање на почетокот на извршувањето на казната може да одлучува и кривичниот совет[71] кога одлучува по предлогот за повторување на кривичната постапка или пак ВСРСМ[72] кога одлучува по барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и по барање за замена на казната затвор со парична казна, под условите утврдени со закон. Во таквите постапки потребно е судот кој што одлучува, да достави примерок од одлуката и до судијата за извршување на санкции. Овој вид на одлучување е особено ефикасен, бидејќи осудените кои биле судени во отсуство имаат право на повторување на кривичната постапка, но бидејќи самото барање не е основ за одлагање пред судија на претходна постапка, често имаме случаи кога се спроведува постапка за екстрадиција, односно се преведуваат сите материјали на јазикот на државата од каде се бара екстрадиција (пресуда, законски одредби за застареност), осуденото лице се екстрадира, што е исклучително скапа постапка, за подоцна на барање на осуденото лице судот да ја повтори кривичната постапка, што е изречно предвидено доколку станува збор  за судење во отсуство.

Доколку осуденото лице до судија за извршување на санкции повторно достави барање за одлагање на почетокот на извршувањето на казната затвор по ист основ од членот 144, во тој случај тоа барање ќе се отфрли како недозволено.

И покрај тоа што одредбата со која се уредува приемот на осудени лица од член 150 е јасна и концизна, сепак сè почесто се појавува проблем во практична примена на истата и тоа од причина што лицата кои сами се јавуваат на издржување на казна затвор, или пак лицата кои се приведени по издадена наредба не поседуваат (или е со истечен рок на важење) лична карта или друга исправа која содржи биометриски податоци. Одредбата предвидува при приемот во установата осуденото лице да се фотографира и дактилоскопира, скенирање на документацијата и дека му се издава домска/затворска легитимација. Сепак, често, затворските служби воопшто не го примаат лицето бидејќи нема идентификационен документ. Па така, се случува МВР да има лишено лице барано со потерница, а затворската управа да не го прима бидејќи не може да го идентификува. Во тој случај неопходно е да се направи дактилоскопирање на трошок на Буџет на РСМ.

Одредбата од член 151 во ставот 2 предвидува осуденото лице, по приемот, да се упатува во одделението за испитување на личноста и за утврдување на третманот и постапувањето со него (приемно одделение), каде што осуденото лице останува најмногу 30 дена. Проблемот се појавува бидејќи судијата за извршување на санкции до затворската управа доставува само правосилна пресуда, а за да може управата да го утврди третманот и постапувањето со осуденото лице потребно е да имаат казнена и кривична евиденција за осудениот. Управата на затворот веднаш со обраќа до надлежниот суд, но бидејќи казната затвор се извршува според местото на живеење, а казнената евиденција се води според местото на раѓање, и нема електронска поврзаност помеѓу институциите, понекогаш потребни се повеќе од 30 дена за да се обезбеди овој податок и се случува осудениот да биде класифициран, да му биде утврдена програма за третман и работно ангажирање.

---

[71] Нема таква судска практика во Основен Кривичен суд Скопје

[72] Одлука на ВСРСМ Квп бр.234/2014 од 21.12.2014 година

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Измена на член 137 став 1 во поглед на надлежноста – надлежен орган да биде судија за извршување на санкции според местото на живеење на осудениот и тоа од отпочнување на кривичната постапка доколку истиот биде правосилно осуден на ефективна казна затвор.
- ⇒ Доуредување и предвидување законска обврска за прием на осудени лица од страна на казнено-поправните установи, без оглед на преполниот капацитет на установите; а во случај на преполн капацитет, соодветна прераспределба на осуденото лица во друга установа во согласност и договор со УИС.
- ⇒ Усогласување на одредбите од ЗИС (членови 139-140) и ЗКП (член 174 став 6) во поглед на уредување на постапката за случаите за упатување на осуденото лице на издржување на казна затвор пред правосилноста на пресудата, кога обвинетиот се наоѓа на издржување на мерка притвор, што е можност предвидена во ЗКП.
- ⇒ Воведување на електронски адресар во кој судот ќе има пристап и истото ќе се бележи, односно да се има увид кој судија за кој предмет го користел електронскиот регистар.
- ⇒ Електронска огласна табла во која преку внесување на име, презиме и ЕМБГ или ЕДБ за правни лица ќе може да се пристапи до писмената кои судот ги објавил за тоа/тие лице/а.
- ⇒ Да се ажурира системот за евиденција на осудените лица во надлежност на УИС, и да прерасне во Единствен систем за осудени лица кој повторно ќе биде во надлежност на УИС, а пристап ќе имаат сите судови и јавните обвинителства.
- ⇒ Да се преземат сите дејствија за придонес кон ефикасност и економичност на судските постапки (да се надмине воспоставената практика на едно обраќање по писмен пат до кој било орган што трае минимум 20 дена и чини околу 70 денари -поштенски трошок).
- ⇒ Првостепениот суд што ја донел пресудата да ја достави во доволен број примероци до судијата за извршување на санкции. Заедно со првостепената пресуда, доколку има второстепена, потребно е и таа да биде доставена во доволен број примероци.
- ⇒ За осудени лица кои биле недостапни и спрема истите е спроведена постапка за екстрадиција, Министерот за правда да донесе одлука со која ќе ги упати во казнена установа која се посочува од страна на државата која што треба да ја одобри екстрадицијата (аналогно на дискреционото право да одлучи дали едно барано лице ќе биде или нема да биде екстрадирано до РСМ).
- ⇒ Да се воведе нова одредба која ќе предвиди дека „поднесоците мораат да бидат разбирливи и да го содржат она што е потребно за да може да се постапи по нив. Органот кој ја води постапката ќе го повика подносителот на поднесокот што е неразбирлив или не содржи сè што е потребно да го исправи поднесокот, односно да го дополни за да може да постапува, а ако не го стори тоа во определениот рок, ќе го отфрли поднесокот. Доколку поднесокот е поднесен преку бранител, неуредниот поднесок да се отфрли.
- ⇒ Да се воведе нова одредба за упатување на странски државјани.

⇒ Да се воведе нова одредба која аналогно на членот 146 од овој закон ќе овозможи судијата за извршување на санкции, врз основа на законско овластување по службена должност, да го одложи почетокот на извршувањето на казната затвор.

⇒ Да се воспостави електронско поврзување помеѓу надлежните институции (Централен регистар, Управата за матични книги, Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа и др). Притоа, „електронско“ не значи достава на одлука или барање по електронски пат (e-mail), туку тоа да е единствен начин на комуникација и да може промените кои ги прави судството во реално време да бидат внесени во катастар на недвижности.

⇒ Да започне да се користи опремата за интероперабилен систем што фактички постои и се наоѓа во зградата на МТВ, но никогаш не е ставен во функција.

⇒ Во ставот 1 од член 150 да се додаде дека во случај осуденото лице да нема биометриска исправа, истото да биде дактилоскопирано на товар на Буџетот на РСМ.

# ГЛАВА X Положба на осудените лица

## Општи напомени

Главата X содржи една одредба што се однесува на класификацијата на осудените лица. Согласно со општите начела за извршување на казната затвор и положбата на осуденото лице определена со судската пресуда, како и од целите и критериумите на класификацијата, стручниот тим на установата и директорот ја утврдуваат класификацијата, сместувањето, програмата за третман и работното ангажирање на осуденото лице (член 154).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава X.

# ГЛАВА XI Права на осудените лица и деца

## Општи напомени

Главата XI од ЗИС ги уредува правата на осудените лица и деца. Секое осудено лице или дете на кое му е изречена заводската воспитна мерка Упатување во воспитно-поправен дом за време на извршувањето на казната затвор или заводска мерка, под условите предвидени во овој закон ги имаат следниве права: право на сместување, прво на облека и постелнина, право на лична хигиена, право на исхрана, право на третман, право на одмор, право на пензиско осигурување, право на здравствена заштита, право на информирање, право за задоволување на верски потреби, право на контактирање со надворешниот свет

(допишување, телефонирање и посети), право на примање пратки, право на склучување на брак, право на правна помош и право на ажурирање на лична карта (членови 155-216).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Правото на сместување подразбира дека просториите на осудените треба да ги исполнат основните хигиенски услови и да бидат сообразни со климатската средина, да бидат соодветно опремени, со доволно проветрување и во нив да навлегува доволно дневна светлина. Главна недоследност кај оваа одредба е што неопходно е да се забележи дека иако постои затвор за женски малолетни лица, а тоа е Идризово, сепак не постојат просторни услови истите да бидат разделени.

Предвидено е дека за секое осудено лице да се обезбедат најмалку 9 м3/ 4 м2 простор, но и покрај оваа законска одредба Извештаите бележат пренатрупаност[73].

Законодавецот предвидел дека осудените лица можат да ја користат својата облека, обувки и постелнини кои одговараат на климатските услови, како и дека установата е должна да им обезбеди во случај да немаат своја облека, обувки и постелнина. Осудените лица имаат право на одржување на лична хигиена, а установата е должна да им обезбеди услови и прибор неопходен за одржување на хигиената и зачувување на здравјето на осуденото лице. И покрај тоа што овие одредби не се ограничувачки, сепак Правилникот предвидува ограничување во однос на тежината на пакетите и тоа до 10 килограми, два пати месечно.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ *Релевантните институции треба во најкраток рок да ги обезбедат сите услови за реална примена на одредбите кои се предвидени во Глава XI од ЗИС.*

# ГЛАВА XII Погодности на осудените лица

## Општи напомени

За доброто поведение и залагање во работата, како и за поттикнување на добро однесување и за развивање на чувството за одговорност и за интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата, на осудените лица можат да им се дадат одделни погодности. Погодностите претставуваат збир на мерки за поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на затворската дисциплина и негативните влијанија на затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата, јакнење на одговорноста и самодовербата заради негово

[73] Види објаснување во делот Моментална состојба од оваа Анализа.

оспособување за живот во согласност со правниот поредок и исполнување на граѓанските обврски (членови 217-219).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XII.

## ГЛАВА XIII Прогресирање, регресирање, преместување и прекин на казна на осудени лица

### Општи напомени

Осудените лица во текот на издржувањето на казната прогресираат од установа од затворен во полуотворен или отворен вид, односно во соодветните одделенија на истата установа, по исполнување на некој од следните услови: издржан дел од казната затвор, резултати од реализација на индивидуалната програма за третман и почитување на одредбите од куќниот ред на установата. Поблиските услови за прогресирање на осудените лица се доуредуваат со општ акт што го донесува директорот на УИС (членови 220-227).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Членот 224 од Законот го уредува прекинот на издржувањето на казната. Прекинот претставува привремено отпуштање на осуденото лице од установата и времето поминато на прекин не се смета во издржаната казна.

Основен кривичен суд Скопје бележи 43 барања за прекин на издржувањето на казната затвор во 2017 година, 17 барања за прекин на издржувањето на казната затвор во 2018 година, 29 барања за прекин на издржувањето на казната затвор во 2019 година, 26 барања за прекин на издржувањето на казната затвор во 2020 година и 19 барања за прекин на издржувањето на казната затвор во 2021 година.




Во членот 224 е регулирано дека по барање на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, врз основа на мислење на здравствен работник, медицинска документација и мислење на надлежен јавен обвинител, судијата за извршување на санкции со решение може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена, заради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведево установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа. Осуденото лице на кое му е дозволен прекин на издржувањето на казната заради лекување должен е секој месец да доставува медицинска документација за неговата здравствена состојба до судијата за извршување на санкциите. Ако се утврди дека престанале причините поради кои е одобрен прекинот на казната, судијата за извршување на санкции ќе го стави вон сила решението за прекин. Против решението донесено по барање за прекин на издржувањето на казната заради лекување, осуденото лице и јавниот обвинител имаат право на жалба во  рок од 3 дена  до советот од тројца судии кој одлучува во прв степен надвор од главната расправа согласно ЗКП. Ако по истекот на времето на прекинот на казна заради лекување сеуште има потреба од лекување, осуденото лице може да побара продолжување на прекинот. Судијата за извршување повторно може да ги испита околностите наведени во барањето за продолжување на прекинот, а по извршените проверки врз основа на мислење на здравствениот работник, медицинската документација и мислење на надлежен јавен обвинител во најкус рок да донесе решение. До донесувањето на решението за продолжување на прекинот, се известува казнено-поправната установа каде што осуденото лице ја издржува казната затвор, дека осудениот се наоѓа на болничко лекување во здравствената установа за истото лице да се обезбеди надзор од припадник на затворската полиција.

Кај постапката за одлучување за прекин на издржувањето на казната на осуденото лице и покрај тоа што судијата постапува веднаш, неопходно е да ги направи сите извиди. Но, поради непостоење на интероперабилен систем и електронско поврзување минуваат и по неколку денови, за **јавниот обвинител не е предвиден рок да даде мислење по однос на барањето за прекин,** дополнително, жалбата го одлага извршувањето, а исто така, ниту кривичниот совет не е обврзан со рок во кој одлучува, па има судски случаи во кои кај осудениците кои бараат прекин заради лекување, да настапи смрт пред истиот правосилно да им биде одобрен.

Проблем се јавува и кога судијата за извршување на санкциите одобрува прекин на казната, што согласно став 2 од член 224 може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена поради лекување, а согласно став 4 осуденото лице е должно да доставува медицинска документација на судијата за извршување на санкции со кој го известува за својата здравствена состојба.

*Судска практика*

*Основен кривичен суд Кочани74 укажува на проблем при примена на овие одредби бидејќи е нејасно дали при прекинот на казната подолг од 30 дена, судијата треба во решението да го определи и рокот за прекинот или ќе назначи дека прекинот трае додека трае лекувањето, со што ќе го задолжи осуденото лице да доставува медицинска документација секој месец. Во практиката на ова судско подрачје, но и на други судови, кога станува збор за прекин на издржувањето на казната на осудените лица, обично се прекинува во (фиксен) рок од 30 дена.*

Членот 225 предвидува дека за осудените лица кои се на издржување на казна затвор, директорот на Управата донесува Решение за прекинување на издржувањето на казната во траење до 30 дена и тоа покрај тоа ако осудениот има потреба или се наоѓа на болничко лекување од потешка акутна болест, зависност или породување, исто така и доколку се случила смрт или тешка болест во потесното семејство на осуденото лице или работи предизвикани од елементарни непогоди. Ова решение е конечно.

Како што претходно напоменавме, прекинот на казната кај осудените лица кои се странски државјани е особено проблематично. Имено, станува збор за лица кои немаат пријавено ниту живеалиште ниту престојувалиште, па нејасно е каде осуденото лице би престојувало додека трае прекинот. Со оглед на тоа што опасноста од бегство е со висок степен на веројатност, ниту директорот на УИС, а најчесто ниту судиите за извршување на санкции одобруваат прекин на казна кај овие осуденици, со што истите ги ставаат во понеповолна положба од останатите осуденици.

*Судска практика*

*Основен кривичен суд Скопје има неправосилна одлука со која се одобрува прекин на издржување на казна затвор на странски државјанин (државјанин на Република Албанија) кој почина пред да стане правосилно решението, со кое судија за извршување на санкциите го уважи барањето за прекин.*

Исто така, спорно е и дали осудените лица на доживотна казна затвор имаат право на прекин на издржувањето на казната затвор доколку истите имаат потреба или се наоѓаат на болничко лекување. И покрај тоа што законот не ги исклучува овие лица, сепак со оглед дека најчесто станува збор за кривични дела против животот, се раѓа дилема дали овие лица имаат право на прекин или истите ќе се третираат во болничко одделение во затворските установи, без оглед на нивната здравствена состојба.

[74] Предлози и мислења на ОС Кочани во врска со примена на ЗИС, СУ.бр.03-26/22 од 30.08.2022.

*Судска практика*

*Основниот кривичен суд Скопје има правосилна одлука II ПК бр.34-16 од 13.02.2017 година со која на доживотно осудениот М.Ш му се дозволува прекин на издржувањето на казната затвор во траење од 30 дена заради лекување. Осудениот бил во тешка здравствена состојба настаната поради неркотични процеси на левото стапало кои довело до гангренозни промени, дополнително влошени поради хронично покачено ниво на шеќер и ослабнато срце, што довело до ослабена периферна циркулација на долните екстремитети со ризик за гангренозен процес и на целиот лев долен екстремитет. Осудениот по завршување на прекинот од 30 дена, сам се јавил на доиздржување на казна затвор.*

*Судска практика*

*Извадок од Решение IV ПК бр.11/2022 година од 12.10.2022 година*

*„Осудениот е на возраст од 61 година. Пред да го стори кривичното дело во 2014 година, бил невработен, разведен, со средно образование, неосудуван и според дадените податоци не се водела друга постапка спрема него. Осуден е затоа што со умисла лишил од живот две лица, на начин што откако дошле кај него пред домот да го прашаат зошто претходниот ден со клоца удрил еден од сега жртвите, зел огнено оружје кое го поседувал без дозвола и пукал кон сега покојните, нанесувајќи им огноострели рани од кои истите се здобиле со смртоносни повреди. Во перидот додека трае казната, осудениот го прифатил третманот и куќниот ред, имал офоремно хигиенски и работни навики и истите биле во функција на неговиот третман. Осудениот делувал ненаметливо и се обидувал да се оттргне од негативните влијанија на осуденичката средина, чие вклопување во домските услови на живеење и работа се одвивал без посериозни проблеми и потешкотии. Кон службените лица и кон останатие осудени се обидувл да воспостави коректен однос. Кон осудениот биле спроведени повеќе пенолошки мерки кои имале за цел истиот да научи да ја прифаќа вината за напревеното кривично дело како и за развој на неговиот морално-вредносен систем.*

*„Имајќи го во предвид целокупното законодавство во нашиот правен систем, нема изгледи за ослободување или можност за преиспитување на казната доживотен затвор. Дополнително, судот при одлучување ги имаше предвид и условите во затворот „Идризово"- Скопје и непостоење на затворска болница, односно арестанско одделение во рамките на затворот. Со оглед на овој системски карактер на проблемот во однос на неможноста за преиспитување на казната доживотен затвор, здравстената состојба на осуденикот која е со прогноза за крајно лош исход и лошите затворски услови како и несоодветната здравствена заштита која е крактеристична за затворот „Идризово", судот одлучи да го прекине издржувањето на казната за период од 30 дена. При ваквото одлучување, судот особено го имаше во предвид предметот Петухов против Украина (бр.41216/13) кој се водеше пред Европскиот суд за човекови права, каде судот едногласно одлучи дека дошло до повреда на член 3 (забрана за нечовечко или понижувачко постапување) од Европската конвенција за заштита на човековите права. Исто така и Основен Кривичен суд Скопје има практика за прекин на издржувањето на доживотната казана затвор (одлука ПК бр. II ПК бр.34-16 од 13.02.2017 година)."*

Овие две поврзани одредби на различни апелациони подрачја различно се толкуваат. Имено, дел од судиите за извршување на санкции сметаат дека осудениот најпрво мора да го исцрпи правото за прекин до 30 дена за кое е надлежен директорот на УИС, а дури потоа да бараат прекин од судија за извршување на санкциите. Исто така, дискутабилно е како решението на директорот е конечно, а одлуката на судијата за извршување на санкции има двостепеност.

Уште еден проблем посочен од судиите[75] е поврзан со член 225 став 1 точка 1 кога се бара прекин поради породување. Имено, судиите сметаат дека примената на оваа одредба значително ќе се олесни доколку ЗИС предвиди можност за судијата за извршување на санкции во овие случаи да донесува решение за прекин подолго од 30 дена, наместо досегашната практика каде што молбата се доставува до УИС која има право да донесе решение за прекин на казната во траење од 30 дена.

Одредбата од член 226 став 2 предвидува дека ако по истекот на времето на прекинот на казната од членовите 224 и 225 од ЗИС, осуденото лице не се јави на натамошно издржување на казната, установата во рок од 24 часа за тоа ќе го извести судијата за извршување на санкциите кој ќе преземе законски мерки за приведување на осуденото лице за натамошно издржување на казната затвор. Од Основен суд Куманово[76] предлагаат примена на овој став само за член 224 односно кога прекинот на издржување на казната затвор е со одлука на судот, а не и во случај на член 225 кога директорот на УИС дава прекин од 30 дена а осуденото лице не се јавило на натамошно издржување на казната. Овој предлог се оправдува со фактот што во Одделот за извршување на санкциите воопшто нема оформен предмет за прекин на казната, а оваа ситуација е идентична со случаите на бегство на осуденото лице од установата или пак негово невраќање од домашно отсуство или користење погодности, кога установата ги презема законските мерки за приведување на осуденото лице.

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Да се прецизира одредбата од член 224 став 2 и став 4 во поглед на траењето на законски дозволен прекин на казната затвор.
- ⇒ Да се прецизира и разграничи дали правото на прекин на казната заради породување односно за периодот од породилно од 9 месеци го дава УИС или судијата за извршување на санкциите.
- ⇒ Воспоставување на воедначена судска практика на различните апелациони подрачја.
- ⇒ Член 226 став 2 да се однесува на член 224, а не и на член 225.

# ГЛАВА XIV Однос на службените лица спрема осудените лица

## Општи напомени

Службените лица своите обврски треба да ги извршуваат чесно и непристрасно, независно од полот, расата, бојата на кожа, националноста, менталната или телесната попреченост, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, вероисповедта и политичките уверувања на осудените лица, согласно со кодексот на однесување на службените

[75] Предлози и мислења на ОС Радовиш во врска со примена на ЗИС, СУ.бр.339/22 од 1.09.2022.
[76] Предлози и мислења на ОС Куманово во врска со примена на ЗИС, СУ-592/22-1 од 31.08.2022.

лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи (членови 228-229).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XIV. При редовните посети во казнено-поправните и воспитно-поправните установи од страна на судиите за извршување на санкции - автори на оваа Анализа, досега не се пријавени случаи на дискриминација од осудените лица, што не значи и дека такви случаи не постојат.

## ГЛАВА XV Одржување на редот и дисциплината

### Општи напомени

Осудените лица се должни да се придржуваат на одредбите на овој закон и на куќниот ред, да ги исполнуваат обврските од програмата за третман и да се придржуваат на наредбите на службените лица. Секое непочитување на одредбите од овој закон и на куќниот ред претставува дисциплинска повреда и носи соодветна дисциплинска одговорност. Во оваа глава се уредени дисциплинската и материјалната одговорност на осудените лица и постапката што се спроведува согласно ЗИС (членови 230-240).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XV. Како и во претходниот случај, и во однос на овие аспекти при редовните посети во установите не се пријавени случаи на непочитување.

## ГЛАВА XVI Смрт на осудено лице и присуство на погреб

### Општи напомени

Главата XVI ги уредува прашањата за смрт на осудено лице додека издржува затворска казна во установа, известување за смрт на осудено лице и присуство на осуденото лице на погреб на член на потесното семејство. Ако осуденото лице за време на издржувањето на казната почине, установата е должна за тоа веднаш да ги извести потесното семејство на осудениот и судијата за извршување на санкциите, УИС и матичарот во седиштето на установата, а по потреба и други државни органи. Осуденото лице

може да присуствува на погреб на член од потесното семејство во времетраење до 12 часа, со или без присуство на службено лице од установата во зависност од третманската група и степенот на безбедносен ризик, по одобрение на директорот на установата (членови 241-242).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

И покрај тоа што законодавецот предвидел дека осуденото лице може да присуствува на погреб на член од потесното семејство во времетраење до 12 часа, со или без присуство на службено лице од установата во зависност од третманската група и степенот на безбедносен ризик, по одобрение на директорот на установата, притоа како член на потесно семејство се смета секое лице кое е заведено во картонот на посета на осудените лица, сепак на осудените често им се крати ова право. Во 2021 година е забележан случај кога на осудено женско лице[77] не му било дозволено присуство на погреб на родител бидејќи „немала добиено третман“.

### ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Доследно почитување на законските одредби од страна на затворската управа;
- ⇒ Измени и дополнувања на постојните подзаконски акти кои се однесуваат на оперативното работење на казнено поправната установа, а преставуваат дополнителна пречка во остварувањето на ова конкретно право.

## ГЛАВА XVII Отпуштање на осудените лица од издржување на казна

### Општи напомени

Во оваа глава е регулирана постапката на отпуштање на осудените лица од издржувањето на казната по издржаната казна, кои се законски основи за отпуштање (простување на остаток на казната со акт на надлежен орган, одлука за условен отпуст и одлука на директорот на установата за предвремено отпуштање од издржување на казната), подготвувањето за отпуштање од установата. За различните основи за отпуштање од издржување на казната, ЗИС уредува различни постапки кои се применуваат по секој определен основ (членови 243-257).

[77] КУИКП бр. 170/21.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

ВСРСМ во врска со примената на институтот Барање за заштита на законитоста има донесено правно мислење[78] со кое барањето за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на РСМ е дозволено против правосилна судска одлука (решение), донесено по барање за условен отпуст.

Судот постапувал по поднесено барање за заштита на законитоста против одлука - решение на кривичен совет на основен суд и решение на апелационен суд, по постапката - молба за условен отпуст, па се поставила дилемата дали барањето за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на РСМ е дозволено или не.

Според Одделот за казниви дела на ВСРСМ, овој правен лек обвинителот може да го користи во случаи на повреда на законот и пошироко од тоа, без разлика на тоа дали повредата имала влијание на донесената одлука или не. Општо земено, овој правен лек е објективизиран и самото постоење на повреда, се разбира да има правосилност на одлука, е доволен основ за покренување на барање за заштита на законитоста.

Барање за заштита на законитоста може да се поднесе против сите одлуки (освен конечните одлуки кои и се донесени по повод барање за заштита на законитоста) донесени во редовна инстанциона постапка, како и против секоја постапка, но секогаш под услов да се работи за правосилно завршена постапка, во било кој стадиум на постапката. Барањето може да се поднесе како против судски одлуки, така и против судска постапка. Без значење е дали против тие одлуки биле дозволени редовни правни лекови и дали странките ја искористиле можноста за редовни правни лекови.

Барање за заштита на законитоста може да се користи без разлика дали повредата на законот имала влијание на донесената одлука и дали таквата повреда на законот може да биде повод за жалба. Кругот на повреди тука е многу поширок отколку кај жалбата на пресуда или решение. Одделот за казниви дела на ВСРСМ смета дека при постоење на правосилна судска одлука-решение на кривичниот совет на основен суд и донесено второстепено решение на апелационен суд, применет е КЗ во смисла на член 36, каде е нормиран институтот „условен отпуст“ и ЗИС во кој е определена постапката за условен отпуст. Тоа значи дека се исполнети условите од член 403 од ЗКП, поради што барањето за заштита на законитоста на јавниот обвинител е дозволено.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Во насока на воедначена примена на барањето за заштита на законитоста поврзано со условниот отпуст, би било корисно доколку се следи практичната примена на Правното мислење на ВСРСМ на четирите апелациони подрачја.

[78] Прилог Правно мислење на ВСРСМ од 1.03.2010 година.

# ГЛАВА XVIII Помош на осудените лица по отпуштање од установата

## Општи напомени

Помошта по отпуштањето претставува збир на мерки и постапки што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода, а се состои од: обезбедување на сместување и исхрана, обезбедување на лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање на вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка (членови 258-259).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XVIII.

# ГЛАВА XIX Подготвување на заклучен извештај

## Општи напомени

Пред отпуштањето на осуденото лице по основ на отпуштање по опростување и истек на казната од установата, секторот за ресоцијализација подготвува заклучен извештај за реализираната програма за третман со осуденото лице, како и за оцената за остварениот степен на ресоцијализација на осуденото лице. Заклучниот извештај се внесува во личниот лист на осуденото лице и се доставува во рок од осум дена до полициска станица за определено подрачје и центарот за социјални работи според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на отпуштеното осудено лице, судијата за извршување на санкциите, а по потреба и до други државни органи (член 260).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Во практика секоја установа има свој образец на заклучен извештај па дел од нив не ги доставуваат потребните податоци за да може судот да утврди по кој предмет лицето ја издржало казната.

*Судска практика*

*Едно осудено лице со повеќе пресуди за казна затвор побарало да се применат одредбите од член 44 и член 46 од КЗ и во постапка за преиначување на правосилна пресуда без повторување на постапката согласно член 447 од ЗКП, со новата пресуда донесена од страна на кривичниот совет од член 25 став 5 од ЗКП, правоисилните пресуди се преиначени само во делот на казната и на осуденото лице му е изречена единствена казна затвор.*

*Дел од КПУ во заклучниопт извештај наведуваат дека лицето ја издржало казната изречена со ваквата пресуда на кривичен совет, меѓутоа во судовите предметите за извршување на казна затвор се водат според донесените пресуди со кои е изречена казната затвор изречена според одредбите од член 447 од ЗКП, со оглед дека ваквата постапка не претставува изрекување на казна за сторено кривично дело и истата не се донесува секогаш од ист суд, согласно наведените одредби. Во такви случаи, судовите не можат да утврдат по кои предмети лицето ја издржало казната затвор ниту навремено да го известат МВР, односно надлежното СВР Одделение за управни работи за издржана казна на осуденото лице, за да нема пречка за враќање на патна исправа. Упатните акти за издржување казна затвор се издаваат за секоја изречена казна затвор поединечно и се водат под КУИКП ознака, и под истата ознака треба да се доставува и заклучниот извештај.*

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Да се прецизира формата и содржината на заклучниот извештај.

# ГЛАВА XX Извршување на парична казна

## Општи напомени

Во Главата XX е уредена постапката за наплата на парична казна на физички лица по службена должност што ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Доколку осуденото лице нема живеалиште, односно престојувалиште во седиштето на судот што му ја изрекол паричната казна во прв степен, тогаш првостепениот суд е должен да му ја достави правосилната пресуда за наплата на паричната казна на судот според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето (членови 261-265).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Основен кривичен суд Скопје во 2017 година извршил 2056 парични казни, во 2018 година 1630 парични казни, во 2019 година извршил 2188 парични казни, во 2020 година извршил 1817 парични казни, а во 2021 година извршил 3628 парични казни.




Уписникот во кој се заведуваат постапките за извршување на прекршочни санкции – глоба, како и досудените трошоци на постапката и досудениот судски паушал спрема полнолетни лица како сторители на кривични дела покажува дека:

- во 2017 година се извршени 13.100 предмети;
- во 2018 година се извршени 11.065 предмети;
- во 2019 година се извршени 10.122 предмети;
- во 2020 година се извршени 9.729 предмети, и
- во 2021 година се извршени 11.013 предмети заради извршување на прекршочни санкции, судски паушали и трошоци на постапката.

Надлежен за извршување на паричните казни е судот според местото на живеење, односно престојувалиште на осуденото лице. Доколку осуденото лице не ја плати доброволно паричната казна во определен рок даден од страна на судот што ја донел пресудата (најчесто е рок од 15 дена, но поради висината на казната судот што ја донел може да определи и рок од 3 месеци), тогаш правосилната и извршна пресуда се доставува до судија за извршување на санкции. Судијата за извршување на санкции пред да пристапи кон присилна наплата, на осуденото лице му праќа опомена и го задолжува да ја плати паричната казна во рок кој не може да биде подолг од 15 дена од приемот на опомената. Ако присилното извршување остане без успех, се пристапува кон замена на паричната казна со затвор. Постои можност доколку осуденото лице поднесе барање за плаќање на рати, истото да му се одобри и паричната казна да се плати за две години со можност да се продолжи за уште три месеци. Доколку осуденото лице не ги плаќа на време ратите, судот ќе ја отповика одлуката за плаќање на рати и ќе се пристапи кон наплата на парична казна веднаш или со замена за затвор.

### *Судска практика*

*Законодавецот не предвидел после кој рок паричната казна ќе се замени со казна затвор доколку присилното извршување остане без успех. Судската практика на Основен кривичен суд Скопје покажува дека дел од судовите паричните казни ги заменуваат со затвор по истекот на 2 години, аналогно на одредбата која го предвидува овој рок доколку постои барање за плаќање од осуденото лице.*

*На истиот проблем укажуваат и од Основен суд Кочани79, односно дека е потребно во одредбата од член 263 став 3 да се регулира рокот што е потребно да измине, по кој ќе се утврди дека присилното извршување на паричната казна останало без успех за потоа судот да пристапи кон замена на паричната казна со затвор.*

*Основен суд Куманово80, пак, укажува на практика на постапување на одредени КПУ кога директорот ја применува одредбата од член 257 за предвремно отпуштање на осудено лице пред истек на казна, а станува збор за присилно извршување на парична казна ишто останала без успех и е заменета со парична казна согласно член 38-а од КЗ.*

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Постојната одредба од член 263 став 3 од ЗИС да се дополни и да се предвиди дека ако присилното извршување остане без успех во рок од 3 месеци се пристапува кон замена на парична казна со затвор.

⇒ Кога станува збор за извршување на парична казна решението со кое се заменува паричната казна со казна затвор е всушност начин на извршување на казната а не начин на извршување на казната затвор, па затоа во законот треба да се забрани искористување на можноста на директорот за предвремено отпуштање на овие осудени лица од казна затвор; предвременото отпуштање би се осварило со плаќање на преостанатиот износ од паричната казна што и била првична интенција на судијата.

⇒ Електронско поврзување на судовите со НБРСМ на чија што сметка се уплаќаат паричните казни и паушалите; судот веднаш, по извршената уплата ќе добие информација дека износот е уплатен, по што предметите кои се во фаза на извршување ќе бидат решени без дополнителни трошоци.

# ГЛАВА XXI Извршување на споредни казни

## Општи напомени

Главата XXI ги содржи четирите форми на споредни казни и тоа: забрана за вршење професија, дејност или должност; забрана за управување со моторно возило; протерување на странец од земјата и забрана за посетување на спортски натпревари (членови 266-271).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Пресудата со која е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност по правосилност, надлежниот суд по службена должност му ја доставува на извршувањето на правното лице или друга институција во која осуденото лице е вработено, на

[79] Предлози и мислења на ОС Кочани во врска со примена на ЗИС, СУ.бр.03-26/22 од 30.08.2022.
[80] Предлози и мислења на ОС Куманово во врска со примена на ЗИС, СУ-592/22-1 од 31.08.2022.

надлежниот орган за издавање одобрение или дозвола за вршење професија, дејност или должност и на Централниот регистар на РСМ (ЦР), како и на надлежниот орган за регистрација. ЦР врши упис на изречената казна со прибелешка во регистарската влошка и тоа ќе го објави. Правосилната пресуда се доставува и на полициската станица за определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице. Ако спрема лицето спрема кое е изречена казна Забрана за вршење на професија, дејност или должност го промени местото на живеалиште, односно престојувалиштето, а времето за кое оваа казна е изречена не поминало, МВР за оваа казна ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето.

Оваа одредба не се применува доследно, имено на секоја достава на правосилна и извршна пресуда со која е определена забрана за вршење на професија, дејност или должност од страна на Основен кривичен суд Скопје до надлежното подрачно министерство за внатрешни работи, доставата се прима со назнака „одбива да прими". Дополнително, казнената, кривичната и евиденцијата за забрана за вршење на професија, дејност или должност се води според местото на раѓање, а не според место на живеење, па така, нејасно е зошто законодавецот ја предвидел одредбата кога истата не е неопходна и создава дополнителни трошоци на судската постапка.

Во членовите 268-269 од ЗИС е регулирана забраната за управување со моторно возило. Во случај на донесена правосилна пресуда со која е изречена санкција Забрана за управување со моторно возило, судот во законскиот рок оформува предмет ИСАМ и правосилната пресуда согласно член 268 ја доставува на извршување во полициската станица според местото на живеалиште/престојувалиште на осудениот и со тоа предметот ИСАМ се смета за завршен. По истекот на законскиот рок за застареност на извршувањето, во случај кога од страна на МВР не било спроведено извршувањето со впишување на забраната во возачката дозвола, се случува осудениот да бара судот да донесе решение со кое ќе се утврди апсолутна застареност на извршувањето на оваа санкција. На тоа укажуваат судиите од ОС Велес. [81] За да се надмине ваквиот проблем при примена на законот, се предлага со доставата на правосилната пресуда, кога надлежноста преминала од судот во МВР, законот изрично да предвиди кој орган е надлежен за донесување на решение за застареност на извршување на изречената санкција.

Едни од побројните казни кои се извршуваат во Основниот кривичен суд Скопје се забраните за управување со моторно возило. Во 2017 година извршени се 5035, во 2018 година извршени се 4707, во 2019-та година извршени се 5146, во 2020-та година извршени се 7016, а во 2021-ва година извршени се 8482 пресуди со кои се изрекува забрана на управување со моторно возило.

---

[81] Предлози и мислења на ОС Велес во врска со примена на ЗИС, СУ-03 бр.204/22-1 од 5.9.2022.




Правосилната пресуда со која е изречена казната забрана на управување со моторно возило надлежниот суд[82] ја доставува на извршување на полициската станица на определено подрачје според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице на кое му е изречена оваа казна. Извршувањето на казната се спроведува со впишување во возачката дозвола на забраната за управување со моторно возило од одреден вид или категорија или во забрана на нејзино издавање на осуденото лице за времето за кое му е изречена. Изречената казна забрана на управување со моторно возило се запишува во казнената евиденција. Ако лицето спрема кое е изречена казната го промени местото на живеалиштето, односно престојувалиштето, а времето за кое оваа казна е изречена не истекло, полициска станица за определено подрачје за оваа казна ќе го извести надлежниот суд во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на осуденото лице, во рок од 15 дена.

Законодавецот предвидува казната забрана за управување со моторно возило за лице кое има странска возачка дозвола за управување со моторно возило да ја извршува полициска станица за определено подрачје според местото на извршување на кривичното дело. Одземената возачка дозвола му се враќа на странецот при напуштање на територијата на РСМ.

Извршувањето на овој вид на казни наидува на особени тешкотии и се покажува како неефективно. МВР реагирало[83] дека им се доставуваат судски пресуди со кои е изречена прекршочна санкција „Забрана за управување на моторно возило" како прекршочна санкција, спротивно на член 29 став 3 од Законот за прекршоците. Согласно посочената законска одредба, предвидено е забраната за управување со моторно возило да се евидентира во досието на возачот најдоцна во рок до 15 дена од денот на правосилноста на одлуката, поради што побарало судот да постапува навремено. Исто така, укажано е дека голем број од пресудите им се доставуваат по истекот на две години од денот кога се случил прекршокот, па осудените приговарале на запишување на овие забрани во нивните досиеја. Согласно член 42 став 1 од Законот за прекршоците, изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на одлуката за прекршокот поминат две години од денот на правосилноста на одлуката. Во истиот допис наведуваат дека со оглед на кратките рокови, а

[82] Надлежен суд е судот што ја донел пресудата.
[83] Допис рег. бр.12-40424/1 од 07.04.2022 година

како често добиваат пресуди пред самиот истек на застареност на извршувањето, не успеваат да ги извршат сите потребни дејствија на извршување на забраните, па одредени број на предмети и покрај напорите на МВР останувале нереализирани.

Народниот правобранител во врска со овој проблем, а по повод претставка НП бр.2210/21, до надлежното МВР упатил укажување за начинот на констатираните повреди во кое е наведено дека земајќи го предвид членот 29 став 3 од Законот за прекршоци кој вели дека „Забраната на управување со моторно возило се евидентира во досието на возачот најдоцна во рок од 15 дена од правосилноста на одлуката и започнува да тече од денот на евидентирање на возачката дозвола", дека постои евентуална повреда на правата на граѓаните доколку пречекорувањето на законските рокови е честа практика при постапувањето во прекршочната постапка.

Начинот на евидентирање на забраните за управување со моторно возило навистина е проблематичен и создава правна несигурност во целиот систем. Имено, се поставува прашањето што се случува со условите за каско осигурување и исклучувањето на осигурителното покритие кое предвидува дека осигурувачот не ги покрива штетите доколку на осигуреникот или возачот, возачката дозвола му е привремено одземена, во ситуација кога осигуреникот- возач има правосилни санкции за забрана за управување, но истите не се евидентирани во соодветна постапка.

*Судска практика*

*Тужителот – осудениот возач во моментот на случувањето на сообраќајната незгода имал незапишани активни санкции, односно и покрај тоа што имал две правосилни пресуди со кои му се забранува управување со моторно возило, дозволата на возачот не му била одземена, ниту пак овие забрани се извршувале во соодветна постапка, па има тужбено барање од осигурителната компанија на име надомест за претрпена материјална штета по основ на договор за осигурување поради сообраќајна незгода во кое е оштетено осигурено возило.84*

*Судот го усвојува тужбеното барање како основано бидејќи ценел дека во моментот на случувањето на незгодата на 14.04.2019 година возачот имал 2 незапишани активни санкции, но тоа не значи дека е исполнет условот од условите за каско осигурување од причина што дозволата на возачот не му била одземена, ниту пак има доказ дека овие забрани се извршени во соодветна постапка, притоа имајќи во предвид дека двете пресуди биле правосилни на 11.04.2017 година и 21.03.2017 година, а незгодата е случена на 14.04.2019 година, а рокот на застареноста на извршувањето на прекршочната санкција изнесува 2 години од правосилноста на пресудата согласно член 42 од Законот за прекршоци.*

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Законско уредување на надлежен орган за донесување на решение за застареност на изречена санкција Забрана за управување со моторно возило од членовите 268-269 од ЗИС.

[84] Основен граѓански суд Скопје, ТС 1 бр.139/20

## *Извршување на мерките на безбедност*

Законот за извршување на санкциите го уредува и начинот на кој ќе се извршат мерките на безбедност, односно го уредува извршувањето на мерката задолжително лекување и лекување во здравствена установа, задолжителното лекување на слобода, задолжителното лекување од болести на зависност (алкохол, дрога или наркотични супстанции). Основен кривичен суд Скопје во 2017 година извршил 788 мерки на безбедност, во 2018 година извршил 643 мерки на безбедност, во 2019 година извршил 849 мерки на безбедност, во 2020 година извршил 750 мерки на безбедност, а во 2021 година извршил 1147 мерки на безбедност.

# ГЛАВА XXII Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа

### Општи напомени

Мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа се извршува во здравствена установа основана за таа цел, или во специјална болница за психијатрија (членови 272-279).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Законодавецот предвидел мерката на безбедност задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа да се извршува во здравствена установа основана за таа цел или во специјална болница за психијатрија, како и дека во одлуката со која е изречена мерката на безбедност, судот (се мисли на судот што ја донел пресудата) ја определува и здравствената установа во која ќе се извршува мерката. Кога мерката на безбедност од овој член е изречена со казна затвор, осуденото лице прво се упатува на извршување на мерката на безбедност. Во тој случај се оформуваат два предмети за иста правосилна и извршна пресуда, односно и КУИКП предмет и ИСАМ-Л предмети, кои заради АКМИС[85] распределбата можат да бидат распределени кај различен судија.

Кај мерката на безбедност Задолжително психијатриско лекување на слобода како и мерката Задолжително лекување од болест на зависност предвидено е дека се извршува во здравствена установа која првостепениот суд ја определил во својата одлука, а истата ја извршува судијата за извршување на санкциите според живеалиштето, односно престојувалиштето на лицето. Здравствената установа во која се извршува задолжителното психијатриското лекување на слобода како и задолжителното лекување од болест на зависност должна е најмалку на секои шест месеци да го известува

[85] Информациски систем за автоматско управување со судски предмети (Automated Court Case Management Information System – ACCMIS) АКМИС е кратенка за информацискиот систем што се користи во судската власт на РСМ. Во употреба е од 2009 година.

судот што ја донел одлуката во прв степен за здравствената состојба на лицето спрема кое се извршува оваа мерка и за резултатот на лекувањето.

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Попрецизно законско уредување на постапката на Задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа: кој го упатува осудениот кој се наоѓа на лекување; кога му се доставува упатниот акт; дали има право да бара одлагање на казната затвор и други процесни прашања.
- ⇒ Да се предвиди што во случај кога осуденото лице спрема кое е изречена мерка безбедност Задолжително психијатриско лекување на слобода, не се јави на закажаниот датум во надлежната здравствена установа.

# ГЛАВА XXIII Задолжително психијатриско лекување на слобода

## Општи напомени

Мерката на безбедност Задолжително психијатриско лекување на слобода се извршува во здравствена установа која првостепениот суд ја определил во својата одлука (членови 280-282).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXIII.

# ГЛАВА XXIV Задолжително лекување од болести на зависност (алкохол, дрога или наркотични супстанции)

## Општи напомени

Мерката на безбедност задолжително лекување од болести на зависност се извршува во здравствена установа. Ако во установата не постојат услови за задолжително лекување од болести на зависност, кога оваа мерка е изречена со казна затвор, или кога е изречена со парична казна или условна осуда, мерката се извршува во здравствена установа што ќе ја определи судот во одлуката со која е изречена мерката (членови 283-289).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXIV. Со предлогот на новиот Закон за деца, целата постапка за извршување на санкциите ќе биде регулирана во тој закон и следствено одредбите од Главите XXV - XXX од ЗИС ќе бидат избришани.

## ГЛАВА XXV Извршување на кривични санкции спрема деца

### Општи напомени

Децата ја издржуваат казната затвор во посебна казнено-поправна установа, одвоено од полнолетни лица. Децата од машки пол се сместуваат одделно од децата од женски пол. Програмите за професионално оспособување, образовни, социјални и забавни активности децата може да ги реализираат заедно. По наполнување на 23-годишна возраст, лицата осудени на казна затвор за деца, казната ја издржуваат согласно со актот за распоредување на осудените лица и децата во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи (членови 290-307).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXV.

## ГЛАВА XXVI Извршување на воспитни мерки

### Општи напомени

Одредбите на оваа глава се применуваат на деца сторители на кривични дела на кои им е изречена воспитна мерка и на лица до надополнување на 23 годишна возраст на кои претходно им била изречена воспитна мерка и во однос на кои во континуитет се извршува воспитната мерка. Целта на извршувањето на воспитните мерки е заштита, образование, воспитување и превоспитување, социјализација, помош и грижа за децата за да се обезбеди правилен развој на нивната личност (членови 308-316).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXVI.

## ГЛАВА XXVII Извршување на воспитната мерка упатување во центар за деца

### Општи напомени

Воспитната мерка упатување во центарот за деца се извршува во посебна установа центар за деца, што се основа со акт на Владата на РСМ, но може да се извршува и во постојните прифатилишта, интернати, мал групен дом и други образовни установи и установи за работа со младината, во местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на детето (членови 317-323).

### Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXVII.

## ГЛАВА XXVIII Извршување на мерките на засилен надзор

### Општи напомени

Извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на родителот или старателот започнува во денот кога надлежниот суд ќе му ја достави одлуката со која е изречена оваа мерка заради нејзино извршување на родителот или старателот задолжен за извршување на мерката. Извршувањето на воспитната мерка засилен надзор од страна на згрижувачко семејство, центарот за социјални работи му го доверува на семејството определено во судската одлука. По приемот на одлуката со која е изречена воспитната мерка засилен надзор од страна на центарот од надлежниот суд, Центарот подготвува програма за остварување на засилен надзор спрема детето со која се определува начинот на остварувањето на грижата во однос на образованието, вработувањето, лекувањето ако тоа е потребно, издвојувањето од средината која штетно влијае врз детето и средување на семејните и други прилики во кои детето живее (членови 324-335).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXVIII.

# ГЛАВА XXIX Извршување на заводските мерки

## Општи напомени

Заводските мерки според одредбите на овој закон се извршуваат со упатување во воспитна установа и со упатување во воспитно-поправен дом. Центарот за социјални работи по приемот на одлуката од надлежниот суд со која на детето му е изречена некоја од заводските мерки ќе побара од родителот или старателот на детето спрема кое оваа мерка е изречена на определен ден во текот на 15 дена да го доведе детето во установата. Центарот за социјални работи, исто така, ќе ја извести и установата за датумот кога детето треба да се јави за извршување на воспитната мерка (членови 336-366).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Еден од проблемите кои се јавуваат при примена на одредбите од оваа глава се однесува на постапката за прием на детето во воспитно-поправен дом, односно утврдувањето на неговиот идентитет, што е уредено во член 348 став 1 од ЗИС. Имајќи предвид дека овој став се применува согласно член 312 став 1 кој предвидува дека судот што ја донел одлуката со која е изречена воспитната мерка, ако самиот не е надлежен за извршување на одлуката, е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена по правосилноста да му ја достави на судијата за извршување на санкциите според местото на живеалиштето, односно престојувалиштето на детето. Со одлуката првостепениот суд е должен да достави и документ за лична идентификација и податоци дали детето и порано вршело кривични дела и како завршиле постапките. Практиката покажува дека предвидената должност судот не ја извршува редовно, па чести се случаите кога не се доставува документ за идентификација. Крајно, децата во ВПД пристигнуваат без никаков документ за идентификација.

Дополнителен проблем се јавува при примена на одредбата од член 347 во која се уредува упатувањето во воспитно-поправен дом. Во овој член во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една а најмногу пет години, односно до наполнета 23 годишна возраст. Работата во воспитно-поправниот дом се организира така што на детето му се обезбедуваат услови за основно и средно образование и воспитување, за стекнување и развивање на позитивни навики, на вредносни особини и за работно остручување и оспособување за одделни занимања. Оваа мерка може да се изрече само еднаш, но законот не утврдува на кој начин се изрекува мерката упатување во

воспитно-поправен дом. Ако законски се уреди упатувањето да се изрекува со решение, ќе се олесни и процесот на распишување потерници до МВР. Во овие случаи воспитно-поправниот дом е со врзани раце, бидејќи од МВР бараат пресуди а од ВПД не можат да се повикаат на конретен документ за реализирање на мерката.

Потребно е законско уредување на запирањето на воспитната мерка – упатување во ВПД. Во моментов, поради недостаток од законска регулација, надлежните од ВПД *доставуваат предлог за запирање, при што се повикуваат на одредбата од член* 46 од Законот за правда за деца.[86]

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Да се дополни членот 348 и да се доуреди постапката при приемот во домот идентитетот на детето да се утврдува врз основа на лични документи на детето, врз основа на изјава од родител, старател или возрасен член кој го придружува детето, врз основа на документи приложени од страна на МВР или на друг начин.
- ⇒ Доуредување на член 347 став 2 дека упатувањето во воспитно-поправен дом се изрекува само еднаш со решение.
- ⇒ Законско регулирање на запирањето од извршување на воспитната мерка, предвидување на законска основа за запирањето, како и следење на текот на реализирањето на воспитната мерка.
- ⇒ Задолжување на судијата за деца за вршење надзор врз реалзирање на изречената мерка, остварување редовни посети и континуирано следење на извршувањето на мерката.
- ⇒ Законско уредување на задолжителното присуство на рочиштето за запирање на воспитната мерка, односно предвидување кој се треба да биде присутен на истото.

[86] Член 46 од Законот за правда на децата, Службен весник бр.148/2013; 152/2019 и 275/2019:
Упатување во воспитно-поправен дом
(1) Дете спрема кое треба да се применат потрајни и засилени мерки за воспитување и превоспитување и негово целосно одвојување од дотогашната средина, судот може да го упати во воспитно-поправен дом.
(2) При одлучувањето дали ќе ја изрече оваа мерка судот посебно ќе ја земе предвид тежината и природата на стореното дејствие и околноста дали спрема детето порано биле изрекувани воспитни мерки или казна затвор за деца.
(3) Во воспитно-поправен дом детето останува најмалку една година, а најмногу
пет години, односно до наполнети 23 години. При изрекувањето на оваа мерка судот не го определува нејзиното траење, туку за тоа дополнително одлучува.
(4) Судот ја преиспитува потребата од престој во воспитно-поправниот дом секоја година, по службена должност, по предлог на јавниот обвинител или по предлог на воспитно-поправниот дом.

# ГЛАВА XXX Извршување на алтернативни мерки спрема деца

## Општи напомени

Со одредбите на оваа глава се уредува извршувањето на условната осуда со заштитен надзор и општокорисната работа (членови 367-377).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXX.

# ГЛАВА XXXI Извршување казни спрема правни лица

## Општи напомени

Третиот дел од актуелниот закон се однесува на извршување на казни спрема правни лица. Судот пристапува кон наплата на парична казна откако пресудата ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање определен во самата пресуда. Во оваа глава е уредено извршувањето на паричната казна спрема правни лица, извршувањето на споредни казни спрема правни лица и впишувањето на казните (членови 378-388).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Предвидено е дека постапката за наплата на паричната казна на правни лица, по службена должност ја поведува судот што ја изрекол паричната казна во прв степен (член 378 од ЗИС).

Кај оваа одредба е нејасно дали постапката за наплата ја започнува првостепениот суд што ја донел пресудата или пак судија за извршување на санкции во судот на чија што територија казнетото правно лице има седиште.

Понатаму, во членот 381 е определено дека банката кај која се води сметката на осуденото правно лице и на која ѝ е наложено извршувањето на паричната казна, должна е во рок од осум дена од извршувањето да го извести надлежниот суд кој ја донел одлуката во прв степен. Воедно, банката е должна да го извести судот и во случај кога

не може го спроведе извршувањето, во рок од осум дена откако тоа ќе се утврди. Но, покрај првичната недореченост кој суд постапува, дали судот што ја донел одлуката, дали судија за извршување во тој суд или пак судија за извршување каде што правното лице има седиште, втората дилема е како тој суд да ја знае банката на правното лице бидејќи тој податок не е дел од тековната состојба на едно правно лице, ниту документ со кој располага судот.

Одредбата од член 382 предвидува ако осуденото правно лице во определениот рок не ја плати паричната казна, судот по службена должност да прати налог за присилна наплата на казната од сметката на правното лице кај носителот на платниот промет каде што правното лице е евидентирано. Ако во времето кога носителот на платниот промет го примил налогот за присилна наплата нема средства на сметката на осуденото правно лице, е должен да го држи налогот во евиденција и да изврши наплата кога ќе пристигнат средства на сметката на правното лице и за тоа веднаш да го извести судот. Доколку судот е известен од носителот на платниот промет дека налогот за присилна наплата не може да се изврши, тогаш судот ќе побара податоци од регистарскиот суд и Централниот регистар за статусните промени на осуденото правно лице. Присилна наплата со налог од страна на судот може да се изврши и преку органот на управата за јавни приходи, согласно со принципите за наплата на јавните приходи од правните лица.

Одредбата од член 383 уредува на кој начин ќе се изврши паричната казна спрема правно лице над кое е отворена стечајна постапка. Уредено е дека ако над осуденото правно лице е отворена стечајна постапка за ликвидација, судот е должен да испрати до стечајниот или ликвидациониот суд налог за првенство во наплатата.

## ПРЕПОРАКИ

- ⇒ Прецизирање на членот 378 и разјаснување дали постапката за наплата ја започнува првостепениот суд што ја донел пресудата или пак судија за извршување на санкции во судот на чија што територија казнетото правно лице има седиште.
- ⇒ Да се разгледа одредбата од член 381 и да се разјасни дилемата во поглед на надлежен суд/судија и банка на правно лице, што предзивикува проблеми во примената на законот.
- ⇒ Да се предвиди во кој рок носителот на платниот промет од член 382 е должен да го извести судот дека не може да се изврши присилна наплата на казната.
- ⇒ Неопходно е одредбата од член 383 да се усогласи со одредбите од Законот за стечајна постапка зашто судската практика покажува дека кога судот ќе се обрати до стечајниот судија со налог за првенство во наплата, доколку овој налог е надвор од предвидените рокови со Законот за стечај, односно ако овие налози како побарувања не влезат во предвидениот рок за истакнување на побарување, стечајните управници ги враќаат назад до судија за извршување на санкции како неизвршливи.

# ГЛАВА XXXII Извршување на прекршочни санкции спрема сторители на прекршоци

## Општи напомени

Законот за извршување на санкциите во Глава XXXII ги уредува општите услови за извршување на прекршочните санкции спрема сторители на прекршоци (членови 389-402).

Како санкции ЗИС ги предвидува:

1) глоба;
2) престанок на важење на возачка дозвола;
3) забрана на управување со моторно возило;
4) забрана на вршење професија, дејност или должност;
5) протерување на странец од земјата;
6) забрана за влез и присуство на спортски натпревари;
7) општокорисна работа и
8) забрана на користење на субвенции и други средства обезбедени од Буџетот на РСМ.

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Како најголем предизвик во примената на одредбите од оваа глава судиите го посочуваат изрекувањето на прекршочна санкција - глоба уредена во членовите 389-393 од ЗИС. Имено, законот уредува дека постапката за наплата на глобата на правни лица по службена должност ја поведува судот што ја изрекол глобата во прв степен, а судот пристапува кон наплата на глобата откако пресудата ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање кој е определен во одлуката. Проблемот настанува во извршување на паричната казна и трошоците на постапката во прекршочните предмети кога како странка се јавува правно лице и одговорно лице кои се странци, а станува збор за прекршоци од Законот за возила.[87] Во таков случај, до судиите подносителите доставуваат податоци за правното лице (назив и седиште) а за одговорното лице име и презиме, од која држава доаѓа и функцијата што ја врши.

## ПРЕПОРАКИ

⇒ Да се доуредат и прецизираат одредбите што се однесуваат на извршување на прекршочни санкции спрема сторители на прекршоци, со посебен акцент на глобата како прекршочна санкција.

[87] Предлози и мислења од ОС Крива Паланка во врска со примена на ЗИС, СУ.бр.169/22 од 1.09.2022.

# ГЛАВА XXXIII Извршување на прекршочни санкции спрема деца

## Општи напомени

Одредбите на овој закон за извршување на глобата спрема полнолетни лица и за извршување на воспитните мерки спрема деца сторители на кривични дела соодветно се применуваат и на извршувањето на воспитните мерки за прекршок (член 403).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXXIII.

# ГЛАВА XXXIV Извршување на прекршочни санкции спрема правни лица

## Општи напомени

Постапката за наплата на глобата на правни лица, по службена должност ја поведува судот што ја изрекол глобата во прв степен. Судот пристапува кон наплата на глобата откако пресудата ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање кој е определен во одлуката (членови 404- 410).

## Легислативни и практични проблеми со примери од судска практика

Не се забележани легислативни и практични проблеми при примената на одредбите од Глава XXXIV.

# Од практиката на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)

Судската практика нотира еден голем проблем кога станува збор за извршување на паричните казни, а за што веќе ЕСЧП има донесено одлука во случајот Велинов против поранешната југословенска Република Македонија[88]. Имено, и покрај големиот број

[88] Случај Велинов против поранешната југословенска Република Македонија, Жалба бр.16880/08, Пресуда 19

предмети од ваков вид (Основен кривичен суд Скопје извршил 3628 парични казни во 2021 година)[89], државата нема поставено ефикасен систем за забележување и детектирање на плаќањето на судските казни. Осудените лица немаат обврска да ја достават на судечкиот суд копија од налогот за исплата, па така се случува истите да бидат лишени од слобода и затворени и покрај тоа што ја исполниле нивната обврска.

Како дел од претстојната дигитализација во судството, неопходно е судот електронски да се поврзе со НБРСМ, на чија што сметка се уплаќаат паричните казни и паушалите. На тој начин судот веднаш по извршената уплата ќе добие информација дека износот е уплатен и предметите кои се во фаза на извршување ќе се решаваат во многу пократок временски рок без дополнителни трошоци.

*Случај Велинов против поранешната југословенска Република Македонија*

Факти на случајот

На 30 јуни 2000 Министерството за внатрешни работи повело прекршочна постапка против жалителот, возач вработен во компанијата Б.Е. („компанијата"), за возење на неисправен автобус. Постапката исто така се однесувала на компанијата како и на одговорното лице во компанијата. На 22 септември 2000 Основниот суд Штип („судечкиот суд") го осудил жалителот за прекршок и му наредил да плати казна во износ од 2.000 денари (еквивалент на 33 евра). На жалителот му било наредено да ја плати казната во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата. Пресудата понатаму ја специфицирала банкарската сметка на која требало да биде извршена уплатата. Судот, исто така, се повикал на членот 15 став 1 од Законот за прекршоци од 1997, кој пропишува дека доколку жалителот не ја плати казната во посочениот рок судот ќе ја изврши на начин што ќе ја замени со затворска казна, односно по еден ден затвор за секои 1.000 денари казна. Била издадена опомена по однос на компанијата и одговорното лице. Пресудата станала правосилна на 27 септември 2001 (Прк.бр.2149/2000).

На 14 ноември 2001 судечкиот суд му наредил на жалителот да ја плати казната и да се јави во судот на 26 ноември 2001 со цел да достави доказ за исплата. Како што било утврдено во текот на постапката за надомест поведена од жалителот писмото кое го информирало за судската наредба било доставено на неговиот син.

На 7 февруари 2002 судија од судечкиот суд, одговорен за извршување на санкции, ја заменил казната со дводневна затворска казна („одлука за затвор"). Според оваа одлука: „Жалителот не ја платил казната, ниту во оставениот рок, ниту откога судот му наредил и го предупредил да го стори тоа...Во светло на напред наведеното...судот одлучи да ја изврши казната...на начин што ја заменува со дводневна затворска казна."

На 12 февруари 2002 одлуката за затвор му била лично доставена на жалителот. Понатаму тој бил информиран дека ќе започне да ја издржува казната на 15 март 2002 во затворот во Штип. Затворот, исто така, бил информиран за датумот на почеток на затворската казна. На 13 февруари 2002 жалителот ја платил казната. Според налогот од тој датум,

септември 2013, Основ: лишен од слобода без надомест, спротивно на членот 5 ставовите 1, 2 и 5 од Конвенцијата, постапката за надомест во врска со неговиот притвор била неразумно долга (член 6) и дека немал ефикасен лек во врска со должината (член 13). Линк: https://hudoc.echr.coe.int/ .

[89] Податок од уписник во АКМИС Систем во Основен кривичен суд Скопје

жалителот го навел бројот на домашниот случај во врска со кој била извршена уплатата (Прк бр.2149/2000). Тој не поднел копија од налогот до судечкиот суд.

Како што беше наведено од Владата во нејзините опсервации: „На 28 октомври 2002 жалителот бил уапсен во својата куќа. Тој не бил информиран за причините за неговото апсење. Жалителот навел дека бил информиран за причините за неговото апсење на 29 октомври 2002." На 29 октомври 2002, по доставата на копија од налогот за исплата, жалителот бил ослободен од затвор. Одлуката за пуштање издадена од затворот од Штип навела дека: „Жалителот е пуштен на 29 октомври 2002 врз основа на известување добиено од судечкиот суд дека казната е платена".

Во текот на постапката пред Европскиот суд за човекови права, Владата тврдеше дека жалителот бил законски затворен заради неговото непостапување по судска наредба. Жалителот не ја платил казната ниту во рамки на утврдениот рок во пресудата на судечкиот суд или по наредбата од страна на судечкиот суд да го стори тоа во рамките на дополнителниот период. Дополнително, жалителот пропуштил да го информира судечкиот суд дека ја платил казната, независно од експлицитното барање на судот во таа смисла (судечкиот суд му наредил на жалителот да ја плати казната и да се јави во судот со цел да достави доказ за исплата. Како што било утврдено во текот на постапката за надомест поведена од жалителот, писмото кое го информирало за судската наредба било доставено на неговиот син). Владата објаснила дека судските казни се плаќаат и заведуваат во Министерството за финансии. Налозите во врска со исплатите кои ги добива Министерството за финансии не се трансферираат до судот. Со цел да се следи трагот на плаќањата, осудените лица кои ги платиле казните биле задолжени да достават до судовите копија од налозите за исплата. Во секој случај, жалителот бил затворен врз основа на наредбата според која казната била заменета со казна затвор. Било ирелевантно тоа што жалителот ја платил казната по таа одлука. Во такви околности, Владата негирала дека затворањето на жалителот било спротивно на релевантниот дел од членот 5 став 1 б од Конвенцијата.

Со оглед дека жалителот бил пуштен врз основа на доказ дека казната била платена, по наоѓање на Судот, основот за затворањето на жалителот според членот 5 став 1б од Конвенцијата престанал да постои штом тој постапил по наредбата за плаќање, каде релевантниот датум е 13 февруари 2002 (види, mutatis mutandis, во врска со „исполнување на која било обврска пропишана со закон" *Osypenko v. Ukraine, бр. 4634/04, § 57, 9 ноември 2010, и Lolova-Karadzhova v. Bulgaria, бр. 17835/07, § 29, 27 март 2012).*

Судот понатаму забележува дека жалителот не го известил судечкиот суд за уплатата, независно од експлицитната наредба во таа смисла. Во постапката за надомест, судечкиот суд се осврнал на тој пропуст и заклучил дека не може да се припише одговорност на државата за последователното апсење и затворање на жалителот. Судот не е убеден во тоа објаснување. Во врска со тоа, забележува дека немало законска одредба која бара од жалителот да го извести судот за плаќањето на казната. Дополнително, жалителот бил уапсен и затворен на 28 октомври 2002, имено над осум месеци по носењето на наредбата за затворот и плаќањето на казната. За време на овој период, судечкиот суд не знаел дека жалителот постапил по наредбата за плаќање Како што призна Владата во своите опсервации, немало размена на информации помеѓу судечкиот суд и Министерството за финансии дека казната била платена. По наоѓање на Судот, пропустот на жалителот да го извести судечкиот суд дека ја платил казната не може да ја ослободи одговорната држава од обврската да има поставен систем за регистрација на плаќањата на судските казни. Процесот на одлучување за прашања кога е во прашање слободата на човекот треба да ги земе во предвид сите релевантни околности на

случајот. Важноста на правото на жалителот на слобода бара од одговорната држава да ги преземе сите потребни мерки со цел да се избегне прекумерната рестрикција на неговата слобода. Со оглед на горенаведеното, Судот смета дека затворањето на жалителот во затворот во Штип било спротивно на членот 5 став 16 од Конвенцијата. Оттука, има повреда на таа одредба.

Судот смета дека жалителот морал да има претрпено нематеријална штета, која не може да биде надоместена само со наоѓање на повреда на Конвенцијата. Проценувајќи на еднаква основа, Судот му доделува на жалителот 1.500 евра под овој наслов, плус која било такса која би можела да биде наплатена.

# АНЕКС I: Листа на подзаконски акти донесени согласно ЗИС[90]

- Правилник за овластувањата на затворската полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворската полиција (Службен весник на РСМ бр.94/2022, објавен на ден 15.04.2022 година);
- Правилник за поблиските услови и начинот на употреба на средствата за присилба од страна на припадниците на затворската полиција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.94/2022, објавен на ден 15.04.2022 година);
- Правилник за формата и содржината на јавниот оглас на затворската полиција;
- Правилник за интерен оглас на затворската полиција;
- Правилник за изменување и дополнување на правилникот за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација, униформата и ознаките на униформата на затворската полиција;
- Правилник за утврдување на материјална одговорност на припадник на затворска полиција;
- Правилник за начинот на спроведување на пробната работа, спроведување на основната обука, менторирањето, полагањето на писмениот тест и неговото бодирање на кандидатите за припадници на затворската полиција (Службен весник на РСМ бр.249/2020 од 16.10.2020 година);
- Правилник за начинот на водење на дисциплинската постапка на припадникот на затворската полиција и образецот за тајно гласање (Службен весник на РСМ бр.200/2020 од 10.08.2020 година);
- Правилник за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во казнено поправна установа (донесен 24.06.2020 година);
- Упатство за условите, начинот и постапката за работно ангажирање на осудено лице надвор од установата (Бр. 01-1058/1 од 23.06.2020 година);
- Упатство за содржината и начинот на водење на стручно досие за осудени лица во казнено-поправни установи (Бр. 01-1059/1 од 23.06.2020 година);
- Правилник за составот на комисијата за користење на погодности, видот и начинот на користење на погодностите на осудени лица (Службен весник на РСМ бр.168/2020 од 22.06.2020 година);
- Упатство за употреба на конференциски средби (Бр. 01-1028/1 од 16.06.2020 година);
- Правилник за начинот на постапување на дисциплинската комисија при водење на дисциплинска постапка против осудени лица (Бр. 01-1027/1 од 16.06.2020 година);
- Упатство за учество на припадниците на затворската полиција во процесот на ресоцијализација (Бр. 01-1029/1 од 16.06.2020 година);
- Правилник за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју (Бр. 01-929/1 од 26.05.2020 година);

[90] Целосната листа е преземена и достапна на www.uis.gov.mk.

- Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица (Службен весник на РСМ бр.133/2020 од 22.05.2020 година);
- Правилник за начинот на оценување на припадникот на затворската полиција, начинот на оценување на припадниците на затворската полиција во установа со помалку од 20 вработени во затворската полиција, формата и содржината на образецот за оценување, како и формата и содржината на извештајот за спроведеното оценување (Службен весник на РСМ бр.133/2020 од 22.05.2020 година);
- Правилникот за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.87/2020 од 02.04.2020 година);
- Правилникот за Куќен ред за извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите (Службен весник на РСМ бр.87/2020 од 02.04.2020 година);
- Правилник за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установа од определен вид или во соодветно одделение на установа од општ вид (број 01-449/1 од 11.02.2020 година);
- Правилник за формата  и содржината на образецот за остварување на право или правен интерес, (број 03-956/1 од 25.06.2019 година);
- Правилник за формата, содржината и начинот на издавање на службената легитимација, униформата и ознаките на униформата на затворската полиција (Службен весник на РСМ бр.11/2020);
- Правилник за определување на додаток на плата за посебни услови за работа и работа изложена на ризик (Службен весник на РСМ бр.275/2019);
- Правилникот за Рамката на општи компетенции за припадниците на затворската полиција во прилог со Рамката на општи компетенции за припадниците на затворската полиција (Службен весник на РСМ бр.22/2020);
- Правилник за видот на казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.10/2020);
- Правилник за нормативите за подготвување на храна на осудените лица во КПУ (Службен весник на РСМ бр.10/2020);
- Правилник за начинот на вршење на стручен надзор врз работата на КПУ и ВПУ (Службен весник на РСМ бр.10/2020);
- Правилник за определување на надоместокот и наградата за работата на осудените лица, како и за лицата кои без своја вина не работат (Службен весник на РСМ бр.10/2020);
- Решение за распоредување на осудени лица и децата во КПУ и ВПУ, како и притворените лица во притворските одделенија на казнено-поправните установи (Службен весник на РСМ бр.10/2020);
- Упатство за начинот на евидентирање на реализирани часови на работа, работа подолга од полното работно време (прекувремена работа), ноќна работа, работа за време на празник и работа во смени, како и пополнување на месечните списоци за евиденција на работните часови во затворската полиција;
- Кодекс за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно поправните установи (од 13 март 2018 година);
- Прирачник за употреба на инструментот за проценка на ризик и потреби на осудени лица (30 октомври 2018 година).

# АНЕКС II: ОБРАСЦИ

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**-Оддел за извршување на санкции-**
**КУИКП бр. ____/____**
**_____ година**
**С к о п ј е**

До:
Осуденото лице
ул. _______ бр. ____
С К О П Ј Е

Копија до
КПУ ________
С К О П Ј Е

ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, врз основа на чл. 139 и чл.140 од Законот за извршување на санкциите, издава:

**УПАТЕН АКТ**
**за извршување на казна затвор**

ОСУДЕНИОТ________, од татко ______, мајка ______, со ЕМБГ ____________, роден на ____ година во ____, кој живее во Скопје на ул. ________ бр. ___, осуден со правосилна пресуда на Основен кривичен суд Скопје, К.бр. ____/____ од ____ година, за сторено кривично дело _____ од чл. ____ ст. ____ вв ст. ___ од КЗ, на казна затвор од ____ години / месеци, претходно осудуван, СЕ УПАТУВА на издржување на казната затвор во КПУ ______ Скопје.

Осудениот на ____ година, најдоцна до ____ часот, да се јави во КПУ ______ Скопје, заради издржување на казната затвор. Притоа е должен со себе да носи лична карта или друга исправа подобна за утврдување на идентитетот.

Се предупредува осуденото лице дека доколку не се јави во определениот ден во установата ќе биде присилно спроведено и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето.

Осуденото лице во рок од 3 – три дена од приемот на упатниот акт може да поднесе до судијата за извршување на санкции молба за одлагање на почетокот на извршување на казната затвор.

Со доставувањето на копија на упатниот акт се известува Казнено поправната установа за денот на јавување на осуденото лице за издржување на казната затвор и приложено се доставува препис од пресудата со која е изречена казната затвор.

За приемот на осуденото лице, Казнено-поправната установа должна е веднаш да го извести судот заради евидентирање во регистарот за почетокот на извршување на казната затвор.

Ако осуденото лице не се јави во определениот ден на издржување на затвор, Казнено-поправната установа за тоа без одлагање да го извести судот веднаш да се издаде наредба за приведување со потерница.

**Судија за извршување на санкции**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**-Оддел за извршување на санкции**
**КУИКП. бр. ____/____**
**______ година**
**С К О П Ј Е**

**До:**
МВР НА РСМ - СВР СКОПЈЕ
- ОЕКР
- Единица за извиди и потраги
- Одделение за потраги
- С К О П Ј Е

ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, врз основа на чл. 141 од Законот за извршување на санкциите, а по известувањето на КПУ Затвор Скопје - Скопје дека осудениот ______ од ______ не се јавил на издржување на казната затвор, на ден ________ година, издаде

## НАРЕДБА

**I.** Веднаш да се приведе во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ - Скопје осудениот _____________, од татко _______, мајка _______, роден на _______ година во _______, каде и постојано живее со пријавено живеалиште на ул.____________ бр.____, во _______, државјанин на РСМ со ЕМБГ ____________, со пријавено живеалиште на ул. ____________ бр.____, во ________, осуден со пресуда на Основен кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________ година, за сторено едно кривично дело ________ чл. ______ ст. ____ вв ст._____ и чл.____ ст. _____ од КЗ, изречена му е казна затвор во траење од ______ година.

Пресудата е правосилна на ________ година, а апсолутна застареност на извршувањето на казната настапува на ________ година.

За осуденото лице не се познати други идентификациони податоци.

**II.** До колку МВР на РСМ, СВР Скопје – ОЕКР - Единица за извиди и потраги - Одделение за потраги Скопје, постапувајќи по наредбата за приведување, најде дека осуденото лице се крие или се наоѓа во бегство, судот бара да се издаде и

## П О Т Е Р Н И Ц А

За пронаоѓање и приведување на осуденото лице со означените идентификациони податоци во Казнено-управната установа ЗАТВОР СКОПЈЕ-Скопје заради извршување на казната затвор.

**III.** За приведувањето на осуденото лице или за издавањето на потерницата веднаш да биде известен судот со повикувањето на бројот и датумот на оваа наредба.

**Судија за извршување на санкции**

**Копија до:**
Казнено-поправната установа

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**-Оддел за извршување на санкции**
**КУИКП бр. ____/____**
**________ година**
**С К О П Ј Е**

**До:**
Министерство за внатрешни работи на РСМ
- СВР СКОПЈЕ
- ОЕКР
- Единица за потраги-
С К О П Ј Е

**ПРЕДМЕТ**: Запирање Наредба КУИКП бр. ____/____ од ________ година

Ве известуваме да ја запрете потерницата издадена по Наредба на овој суд под горе наведениот број за осудениот ________________, со ЕМБГ ____________, од татко ________, мајка ________, роден на ________ година во ________, каде и живее на ул. ________ бр.____, осуден со пресуда на Основен кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________ година, на казна затвор во траење од ________ години, за сторено кривично дело ________ од чл. ____ ст. ____ вв ст. ____ и чл. ____ ст.____ од КЗ, осудуван, бидејќи истиот на ден ________ година, од страна на ОСЛ при МВР на РСМ е спроведен на издржување казна затвор во КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ, видно од известувањето на КПУ Затвор Скопје – Скопје бр. ________ од ________ годоина.

**Судија за извршување на санкции**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**-Оддел за извршување на санкции**
**КУИКП бр. ____/____**
**________ година**
**С К О П Ј Е**

**До:**
КПУ ИДРИЗОВО
С К О П Ј Е

**ПРЕДМЕТ**: Известување за спој на казни

Ве известуваме дека со правосилна пресуда на Кривичниот совет на овој суд КС-КР бр. ____/____ од ________ година, на осудениот ____________, со ЕМБГ ____________, од татко ____________, мајка ____________, роден на ________ година во ____________, а живее во ________ на ул. ____________ бр. ____, изречена му е единствена казна затвор во траење од ____ години, во која да му се засмета досега издржаниот дел од казната, со која се споени казните затвор изречени со пресуда на Кривичниот совет на Основен кривичен суд Скопје, КС-КР. бр. ____/____ од ________ година и со пресуда на Основен кривичен суд Скопје К бр. ____/____од ________ година.

Заради потребите на постапката по предметот КУИКП бр. ____/____, потребно е да не известите дали е постапено по горе наведената пресуда на овој суд.

**ПРИЛОГ:**

- Пресуда на Кривичниот совет на Основен кривичен суд Скопје, КС-КР. бр. ____/____ од ________ година.

**Судија за извршување на санкции**

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**
**-Оддел за извршување на санкции**
**КУИКП бр. ____/____**
**________ година**
**С К О П Ј Е**

**До:**
КПУ ЗАТВОР СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

**ПРЕДМЕТ:** Известување за дозволено повторување на кривична постапка

Ве известуваме дека на осудениот ____________ со ЕМБГ: ____________, од татко ________, мајка ________, роден на ________ година во ________, каде и живее на ул.________ бр.____, кој со правосилна пресуда на Основен кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________година, за сторено кривично дело ________ од чл. ____ ст. ____ в.в ст. ____ и кривично дело ________ од чл. ____ ст. од КЗ е осуден на единствена казна затвор во траење од ________ години, со решение на Кривичниот совет на Основен кривичен суд Скопје заведено под К.ПОВ.бр. _____/_____ од ________ година, правосилно на ден ________ година, дозволено е повторување на кривичната постапка, при што со кое речение определено е да се закаже главна расправа и да се запре извршувањето на наведената казна затвор до донесување нова пресуда.

Доколку осудениот нема за издржување казна затвор по друга пресуда, истиот ВЕДНАШ да биде пуштен на слобода.

ПРИЛОГ:

- Решение на Кривичниот совет на Основен кривичен суд Скопје К.ПОВ.бр. ____/____ од ________ година.

**Судија за извршување на санкции**

**КУИКП.бр. ____/____**

**Р.**

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,** како првостепен суд преку судијата ________, како судија за извршување на санкции, постапувајќи по службена должност за апсолутна застареност на извршување на кривична санкција - казна Затвор во траење од ________ години, изречена спрема осудениот _____________ од ________, со пресуда на Основниот кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________ година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. ____/____ од ________ година, за сторено кривично дело ________ од чл. ____ ст.____ т. ____ в.в. со чл. ____ од КЗ, врз основа на чл.109 ст.1 т.5 и чл.111 ст.1 и ст.5 од КЗ, на ден ________ година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ПОСТАПКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА** - казна Затвор во траење од ________ години, изречена спрема осудениот _____________ од ________, со пресуда на Основниот кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________ година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. ____/____ од ________ година, за сторено кривично дело ________ од чл. ____ ст. ____ т.____ в.в. со чл. ____ од КЗ, **СЕ ЗАПИРА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ПОРАДИ НАСТАПУВАЊЕ АПСОЛУТНА ЗАСТАРЕНОСТ НА ИЗВРШУВАЊЕТО НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА** со истекот на 24 часа од ден ________ година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со пресуда на Основниот кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ________ година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр. ____/____ од ________ година, обвинетиот _____________ од ________ е осуден на казна затвор во траење од ____ години, за сторено кривично дело ________ од чл. ____ ст.____ т.____ в.в. со чл. ____ од КЗ.

Заради извршување на казната затвор оформен е предметот КУИКП.бр. ____/____, но при извршениот увид во списите на наведениот предмет, се утврди дека настапува апсолутна застареност на извршувањето на казната затвор.

Имено, застарувањето на извршувањето на казната согласно чл. 111 ст.1 од КЗ, започнува од денот кога пресудата станала правосилна, а согласно чл.109 ст.1 т.5 од КЗ, изречената казна не може да се изврши кога ќе поминат три години од осуда на затвор над една година.

Според чл.111 ст.5 од КЗ, застареноста на извршувањето на казната настапува во секој случај кога ќе помине два пати онолку време колку што според законот се бара за застареноста на извршувањето на казната.

Во конкретниов случај, судот утврди дека пресудата Основниот кривичен суд Скопје К.бр. ____/____ од ____ година станала правосилна ден ________ година, па апсолутна застареност на извршувањето на изречената казна затвор настапува со истекот на 24 часа од ден ________ година, бидејќи во секој случај настапува кога ќе поминат 6 - шест години од правосилноста на пресудата.

Имајќи го предвид горенаведеното, следуваше судот да донесе решение како во изреката.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,**
**КУИКП.бр. ____/____ од ________ година.**

**Судија за извршување на санкции**

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истото преку овој суд до Кривичниот совет на овој суд.

**ДН:**

- На осудениот ____________, ул. ____________ бр. ____ Скопје,
- На ОЈО Скопје КО.бр. ____/____ од ________ година.

По правосилноста да се достави на:

- на КПУ ________________ Скопје.

**КУИКП.бр. ____/____**

**Р.**

**ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ**, преку судијата ____________, како судија за извршување на санкции, постапувајќи по барањето на МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка, за досудување на трошоци за спроведување на осудениот ________________ од ________, врз основа на чл. 142 од Законот за извршување на санкциите, на ден ________ година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за исплата на трошоците во постапката по предметот II КУИКП.бр. ____/____, за спроведување на осудениот ____________ од ________, поднесено од МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка, **СЕ УВАЖУВА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** осудениот ____________ од ________, на име трошоци на постапката за негово спроведување да му исплати на МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка, износ од ________,00 денари на сметка на Буџетот на МВР на РМ.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот кривичен суд Скопје, по добиено известување од КПУ Затвор „Скопје"-Скопје дека осудениот ____________ не се јавил на издржување на казна затвор, на ден ________ година издаде наредба II КУИКП.бр. ____/____, осудениот ____________ од Скопје, од татко ________, мајка ________, со ЕМБГ: ____________, роден на ________ година во ________, а живее во ________, на бул. ____________ бр.____/____, кој со правосилна пресуда на Основен суд ________, заведена под К.бр. ____/____ од ________ година е осуден на казна затвор во траење од ________ години, за сторено кривично дело ________________ од чл. ____ од КЗ, да се приведе во КПУ ________ Скопје, заради извршување на казната затвор. На ден ________ година од страна на овој суд е дадена согласност за распишување на меѓународна потерница и екстрадиција на осудениот ________________.

Од страна на КПУ Затвор ____________ Скопје, со допис под М.бр. ____ од ________ година, судот е известен дека осудениот ____________ од ________ е екстрадиран од Република ____________ и спроведен за издржување на казната затвор во КПУ ____________ -Скоје на ден ________ година.

До овој суд на ден ________ година со допис под рег.бр. ________ од ________ година, од страна на МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка, доставен е трошковник со кој се побарува износ од ________,00 денари, како трошоци направени за приведување на осудениот ____________ и спровод од Геаничен Премин ____________ до КПУ ________ Скопје на ден ________ година.

Постапувајќи по поднесениот трошковник, а согласно чл. 142 од Законот за извршување на санкциите, каде е предвидено дека „Судијата за извршување на санкциите донесува решение за наплата на трошоците од осуденото лице направени за негово пронаоѓање и спроведување во установата", се утврди дека поднесеното барање е основано, поради што следуваше судот да донесе решение како во изреката.

**ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,**
**КУИКП.бр. ____/____ од ________ година.**

**Судија за извршување на санкции**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истото преку овој суд до Кривичниот совет на овој суд

**ДН:**

- На осудениот ________________, преку Управата на КПУ ____________ Скопје,
- На МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка.

**По правосилноста да се достави на:**

- на подносителот на барањето МВР на РМ, ЦПС - Сектор за Меѓународна полициска соработка,
- на осудениот преку Управата на КПУ ____________ - Скопје.

**II ПК.бр.____/____**

**Р.**

ОСНОВНИОТ КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ, како првостепен суд, преку судијата Александар Милошески, како судија за извршување на санкции, постапувајќи по предлогот на Директорот на КПУ Идризово Скопје за прекин на издржување на казната затвор на осудениот ________ од Скопје, врз основа на чл.224 од Законот за извршување на санкциите, на ден ________ година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

Предлогот на Директорот на КПУ ____________ за прекин на издржување на казната затвор за осудениот ____________, СЕ УВАЖУВА.

СЕ ПРЕКИНУВА издржувањето на казната затвор во траење ____ години, изречена со пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје К.бр.________ од ________ година, потврдена со пресуда на Апелациониот суд Скопје КЖ.бр.____ од________ година, за сторено кривично дело ____________ од чл.- в.в. со чл.____ од КЗ, на осудениот ____________ од ____, за период од 3-ТРИ МЕСЕЦИ, сметано од ________ година до ________ година, заради лекување.

Времето поминато на прекин на казната не се смета во издржаната казна.

СЕ ЗАДОЛЖУВА осудениот _____________ од ________, НА СЕКОИ 30-ТРИЕСЕТ ДЕНА, сметано од денот на донесување на ова решение, а во периодот на одобрениот прекин на издржувањето на казната затвор, НА СУДОТ ДА ДОСТАВУВА ВЕРОДОСТОЕН ДОКАЗ ЗА СВОЈАТА ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА И ТЕКОТ НА ЛЕКУВАЊЕТО.

СЕ ЗАДОЛЖУВА осудениот ____________ од ________ по истекот на прекинот на казната, на ден ________ година, сам да се јави во КПУ ________, заради доиздржување на казната затвор, во спротивно ќе биде присилно спроведен и ќе ги сноси трошоците на спроведувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Со пресуда на Основниот суд Скопје 1 Скопје К.бр.____ од ________ година, обвинетиот ____________ од ________ е огласен за виновен за сторено кривично дело ________ од чл.____ од КЗ и изречена му е казна затвор во траење од ________ години. Апелациониот суд Скопје со пресуда КЖ.бр.____ од ________ година, жалбата на обвинетиот ја одбил и пресудата на Основниот кривичен суд Скопје К.бр.________ од ________ година ја потврдил.

Осудениот започнал да ја издржува казната затвор во КПУ ________ од ден ________ година и истата треба да му заврши на ________ година. Со решение на Директорот на Управата за извршување на санкции УП 1.бр.____ од ________ година, прекинато му е издржувањето на казната затвор во траење од 30 дена, сметано од ________ година до ________ година, кое време поминато во прекин не се засметува во казната, а по истекот на одобрениот прекин осудениот на ден ________ година сам се вратил во КПУ ________ на доиздржување на преостанатиот дел од изречената казна затвор.

На ден ________ година, од страна на Директорот на КПУ ________ до судот доставен е Предлог за прекин на издржување на казната со Податоци за осудениот под бр.____ од ____ година, во кој е наведено дека предлогот се поднесува поради лоша здравствена состојба на осуденото лице и немањето на услови во установата за понатамошно издржување на казната.

На барање на судот, со допис под бр.______ од _______ година од страна на ЈУЗ Здравствен дом Скопје - Амбуланта КПУ ________ доставен е медицински наод од затворски лекар Д-р ________ при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ОЕ служба за здравствена заштита на притворени и осудени лица во склоп на КПУ ________ од _____ година заведен под бр.____ од ______ година.

На барање на судот, ОЈО Скопје на ден ________ година, достави мислење под КОВ бр.____ од ________ година, во кое е наведено дека има место за прекин на издржување на казната затвор на осудениот ____________, бидејќи се исполнети законските услови за прекин на издржување на казната затвор, согласно Законот за извршување на санкциите.

Судот постапувајки по поднесеното барање за прекин на издржување на казната затвор, изврши увид во списите на предметот КУИКП.бр.____, во податоците за осудениот од КПУ ________ под бр.09-3354/1 од ________ година, во медицинскиот наод од затворски лекар Д-р ____________ при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ОЕ служба за здравствена заштита на притворени и осудени лица во склоп на КПУ ________ од ________ година заведен под бр.____ од ________ година, како и во мислењето на ОЈО Скопје КОВ бр.____ од ________ година, па утврди дека:

Предлогот е основан.

Имено, согласно чл.224 ст.2 од Законот за извршување на санкциите, по барање на осуденото лице или по предлог на директорот на установата, врз основа на мислење на здравствен работник, медицинска документација и мислење на надлежниот јавен обвинител, судијата за извршување на санкциите со решение може да го прекине издржувањето на казната подолго од 30 дена, поради лекување, кога не постојат услови лекувањето да се спроведе во установата или установата да го упати во соодветна здравствена установа

Во конкретниот случај од доставениот предлог на Директорот на КПУ ________ бр.____ од ________ година, со прилог податоци за осудено лице, судот утврди дека осудениот ____________ започнал да ја издржува казната од ________ година и истата треба да му заврши на ________ година, од приемното одделение класификуван е казната да ја издржува со затворен третман-група В2. Во досегашното издржување на казната не е забележан со негативности, на ________ година размесетн е во затворен третман-група В3, започнал да користи домашно отсуство, каде во последниот период одел со прифат од неговата сопруга. На ________ година се стекнал со полуотворен третман –група Б, а на ________ година и со отворен третман –група А, но поради влошена здравствена состојба истиот престојувал во павиљонот во домската амбуланта, а моментално е во арестантското одделение каде е под постојан надзор. Осудениот физиолошките потреби ги извршува неконтролирано и во кревет, а воедно отежнато му е движењето и комуникацијата. Со решение на Директорот на Управата за извршување на санкциите УП 1.бр.____ од ________ година на осудениот му бил даден прекин на казната од 30 дена, и истиот на ден ________ година сам се јавил за доиздржување на казната затвор во КПУ ________. Со оглед на наведеното Директорот на КПУ ________ достави предлог до судот за прекин на издржување на казната затвор,поради тешко нарушената здравствена состојба и немањето услови во установата за понатамошно издржување на казната на осуденото лице.

Од медицински наод на затворски лекар Д-р ____________ при ЈЗУ Здравствен дом Скопје, ОЕ служба за здравствена заштита на притворени и осудени лица во склоп на КПУ ________ од ________ година заведен под бр.____ од ________ година, доставен со допис под бр.____од ________ година, се утврди дека осуденото лице ____________ е во поодмината возраст и со сериозно нарушено психичко здравје, дементен,за кое се очекува да се влошува со напредување на болеста, манофестирана со дисфункционалност на мозочната функција и со оштетување на помнењето како главен белег на истат за што му е потребна перманентна нега и грижа од страна на семејството во обавување на секојдневните активности како и третман

од страна на психијатар или невролог кој би можел да се спроведува амбулантски во јавното здравство. Осудениот е мирен, изразито психомоторно успорен, поради природата на болеста, не е во состојба да се грижи за себе си, не може да ги обабува самостојно основните животни функции, дезориентиран е во простор и време и без туѓа помош не може да функционира, а која состојба во иднина ќе се влошува.

Со оглед на споменатите здравствени проблеми на осудениот, а по проучување на наводите од предлогот за прекин на издржување на казната затвор, и прилозите кон истиот, пред се медицинскиот наод од затворскиот лекар, судот најде дека во конкретниот случај согласно чл.224 ст.2 од Законот за извршување на санкциите се исполнети законските услови за прекин на издржувањето на казната затвор за осудениот, поради лекување и грижа, бидејќи неговата здравствена состојба е сериозно нарушена поради што не е во состојба сам да се грижи за себе, не може да ги обабува самостојно основните животни функции, а соглансо мислењето на стручно лице ваквата состојба во иднина би се влошувала, заради што му е потребна перманентна нега и грижа од страна на семејството и третман од страна на психијатар или невролог кој би можел да се спроведува надвор од КПУ односно амбулантски во јавното здравство.

Поради горенаведеното, судот го уважи предметниот предлог за прекин на издржувањето на казната затвор за период од 3-три месеци, сметано од ________ година до ________ година, заради лекување, нега и грижа.

Воедно, судот согласно чл.224 ст.4 од Законот за извршување на санкциите, го задолжи осудениот на секои 30-триесет дена, сметано од денот на донесување на ова решение, а во периодот на одобрениот прекин на издржувањето на казната затвор, да доставува до судот веродостоен доказ за неговата здравствена состојба, а по истекот на истиот, односно на ден ________ година, истиот е задолжен сам да се јави на доиздржување на казната во КПУ ____________, под закана од присилно спроведување и сносење на трошоците од спроведувањето.

Согласно чл.224 ст.1 од Законот за извршување на санкциите, судот одлучи на осудениот да не му се засметува времето поминато на прекин на казната во издржаната казна.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно чл.224 од Законот за извршување на санкциите, судот одлучи како во изреката на ова решение.

ОСНОВЕН КРИВИЧЕН СУД СКОПЈЕ,

II ПК.бр.________ од ________ година

Судија за извршување на санкции

ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3-три дена по приемот на истото до Кривичниот совет на овој суд.

ДН: - на осудениот преку Управата на КПУ

- на ОЈО Скопје КО.бр. ____ од ________ година

По правосилноста:

- на КПУ Идризово Скопје